**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 октомври 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија господинот Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 71-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љубчо Георгиевски, Лазар Китановски, Кенан Хасипи, Хади Незири, Илинка Митрева, Али Ахмети, Фазли Велију, Азис Положани, Андреј Жерновски, Јован Манасиевски, Благој Зашов, Радмила Шекеринска, Фијат Цановски, Владимир Ѓорчев и Тито Петковски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со општиот претрес по Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

На дисплејот за збор пријавена е госпоѓа весна Бендевска, но таа не е тука. После неа на ред е господинот Марјанчо Николов, Илија Китановски не е тука, тој е на седница на Комисија, Роза Топузова Каревска не е тука, Мисовски Горан се извини, тој е на седница на Комисија. Останува сега прв да земе збор господинот Влатко Серафимов, а во меѓувреме се надевам дека ќе дојде Марјанчо Николов.

Има збор Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов**: Почитуван претседателе, почитуван господин министер, почитувани колеги пратеници, денеска и во текот на вчерашниот ден расправавме за ребалансот на Буџетот кој што е поднесен од страна на Владата на Република Македонија во кој што им се дадени само неколку точки околу зголемување на платите и зголемувањето на платите на луѓето кои што се вработени во јавната администрација како еден од лгавните сегменти. Меѓутоа јас би се осврнал на некои други ставки кои што не знам од кои причини се тргнати од Буџетот кој што беше донесен претходно. Се работи за ставките од животна средина, односно со овој ребаланс намаленис е ставките за жешките точки за околу 2 милиони денари, намалена е ставката за свлечиштето во Велес, а се со една единствена цел тоа што можеме само да претпоставиме дека не е интерес жешките точки во Република Македонија да се решаваат, туку е интерес да се решат само платите на јавната администрација. Не знам од кои причини Владата толку лесно се откажува од секторот за животна средина, односно од секторот кој што ги опфаќа овие сегменти. Зошто жешките точки не се ставени како приоритет за решавање на проблемите, бидејќи секогаш кога се расправа за животната средина секој пат знаеме дека во животната средина нема политика, во животната средина нема собирање на поени, туку се што ќе се направи се прави за добротона граѓаните на Република Македонија. Затоа сметам дека тука е направен еден пропуст од страна на Владата на Република Македонија затоа што се избришани, односно се одземени овие средства од највиталниот сектор од секторот за животна средина.

Втората моја забелешка е тоа што да кажеме за свлечиштето во Велес исто така се одземени 10 милиони денари, а знаеме дека тоа е подрачје кое што во континуитет се решава веќе подолго време. И претходната Влада имаше интервенирано, и оваа Влада има интервенирано со дел од средствата, меѓутоа тоа е проблем кој што изискува навистина и повеќе средства, а изискува и сериозност во решавањето на проблемите на тие луѓе кои што живеат на тоа подрачје.

Втората намена на овие средства јас викам дека не би требало да одат за зголемување на платите на јавната администрација, туку да одат во еден друг правец. Знаеме дека и еден коалиционен партнер во Владата предизборно им ветуваше дека ќе се реши проблемот со стечајците. Тој проблем остана да виси и во оваа Влада, остана да виси и од претходно, а луѓето веќе неколку месеци се карши Собранието. Зошто овие средства не се наменат за решавање на проблемите на стечајците имајќи во предвид дека со овие средства кои што ќе бидат издвоени за зголемвуање на платите на јавната даминситрација ќе се реши целосно еден проблем кој што проблем нема веќе да постои во Република Македонија и нема да имаме една таква слика која што е една грда слика, така да кажам пред Собранието на Република Македонија да ги гледаме шаторите на стечајците. Меѓутоа, со донесувањето на Буџетот на Република Македонија и со ребалансите на буџетите имаше поднесено амандмани од страна на опозицијата. Меѓутоа, Владата немаше слух да ги реши проблемите околу стечајните работници во Република Македонија. Затоа предлагам почитуван господин министер да најдете решение овие средства кои што се избришани од страна на Владата кој што го опфаќа секторот за животна средина да останат за реШавање на проблемите од аспект на животната средина. Со решавањето на проблемите од животна средина сметам дека ќе добиеме сите и власта и опозицијата, затоа што луѓето ќе живеат во една здрава и чиста животна средина кое што ќе допринесе за правилен развој на населението. Исто така, овие средства кои што ги имате тргнато од животна средина, ако нема услови да се вложат и да се употребуваат за решавање на проблемите од животна средина, сметам дека е поцелисходно да се искористат за решавање на проблемите на стечајните работници кои што веќе неколку месеци се во Жена Парк, карши Собранието.

Затоа ќе ве молам ако може сите овие мои забелешки да ги внесете во ребалансот на Буџетот, или знам дека ова ви е изготвено и многу тешко ќе може нешто да се промени. Меѓутоа, семтам дека е должност да се укаже на овие проблеми. Исто така, апелирам и во наредниот Буџет за 2008 година ставките во животна средина да бидат зголемени, а исто така и да најдете модус како да го решите проблемот на стечајните работници. Бидејки еден ваш коалиционен партнер јавно го изјави тоа на сите митинзи кои што беа во Источна Македонија дека проблемот со стечајните работници ќе биде решен.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господини Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам, почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници кои што сте присутни во салата, почитуван министер за финансии, би сакал и јас да се вклучам во дебатата околу вториот ребаланс на Буџетот за оваа година, и да ги искажам своите видувања по истиот. Значи ова е втор пат како Владата на Република Македонија предлага измени и дополнување на Буџетот, при тоа оправдувајки го со неколку свои причини поради кои што тоа се прави. Ако ги анализираме сите досегашни ребаланси, дури почнувајки од Буџетот, првичниот за 2007 година ќе мора да извлечеме неколку констатации. Тоа е прво, иако Владата упорно најавува дека структурата на Буџетот е развојна, односно дека со овој Буџет се придонесува за економскиот развој на Република Македонија, сепак гледаме во суштина посебно во делот на капиталните расходи не само што нема развојна компонента, туку со секој нареден ребаланс на Буџетот се намалуваат капиталните расходи во Буџетот. Дури и оние кои што се останати за реализација, еве на 8 месеци од изминувањето на фискалната година тие се реализирани само со 27% што е навистина многу малку. Мислам дека Владата на овој план буквално потфрли по сите основи и не овозможи да се реализираат значајни капитални инвестиции кои што сигурно би придонеле за побрзиот развој на Република Македонија. Мислам дека ова од една страна се прави со одредена намера, а тоа е дека Владата не ги реализира капиталните инвестиции без разлика што се правда дека законските процедури биле долги за да може во расходниот дел на Буџетот да ги зголемува така наречените некапитални расходи, односно тековните трошоци, посебно оние кои што се однесуваат на договорни услуги и на разни трансфери кои што служат за плаќање на вработувањата во државната админситрација кои што ги врши Владата и за кои што упорно не сака да даде отчет зошто тоа се прави и колку луѓе се вработени. Значи, мислам дека постои една свесна тенденција од страна на Владата на Република Македонија да не ги реализира капиталните расходи иако бомбастично ги најавуваа на ПРЕС конференции, а од друга страна за да може тие средства да ги префрла во тековни оперативни расходи, како би можела што повеќе пари да троши за сопствена промоција и кампањи и за разни други кампањи за кои што искрено можеме да отвориме дебата дали се потребни на Република Македонија и на граѓаните и дали навистина треба за ова да се трошат парите на граѓаните, а не за некои поприоритетни проекти. Би сакал да дадам некои свои видувања околу некои области во Буџетот.Прво, би сакал да прокоментирам околу процесот на децентрализација како еден од позначајните процеси кои што треба да се одвиваат во Република Македонија и кои се еден од условите за пристап на нашата земја, добивање на датум за преговори за членство во Европската унија.

Мислам дека Владата до сега работите во процесот на децентрализација ги оставаше да се одвиваат многу стихијно, во почетокот дури и немаше концепт како да го води овој процес, бидејќи знаеме дека, иако втората фаза официјално беше најавена на 1 јули, еве дури сега стасува ребалансот на Буџетот со кој на некој начин се дава официјален старт или почеток на втората фаза од таканаречената фискална децентрализација, но само за 42 општини во Република Македонија, што значи дека уште половината општини во Република Македонија не можат да отпочнат со втората фаза од овој процес, а при тоа Владата во овој Буџет не нуди ниту програма, ниту концепт, ниту мерки како овие општини ќе можат побрзо да ги исполнат условите за да влезат во втората фаза на процесот на децентрализација, пред се во интерес на решавање на проблемите на граѓаните. Значи тоа не е политичка тема од прва класа за да може Владата на некој начин да води политика преку овој процес, туку смислата на процесот на децентрализација е општините да добијат повеќе надлежности, да можат поефикасно да ги решаваат проблемите на граѓаните и власта непосредно да може да се доближи до граѓаните, односно граѓаните најголем дел од своите потреби да можат да ги задоволуваат во локалната самоуправа. За жал,немаме ниту информации ниту податоци кој и зошто од овие преостанати 42 општини немаат влезено во втората фаза и кој е концептот на Владата и мерките и решенијата како ќе им овозможи на сите овие општини побрзо да ги исполнат условите за влегување во втора фаза. Мислам дека, без разлика на коментрарите, ова е многу значајно прашање и Владата ќе треба сериозно да се погрижи да најде начин или доколку има програма министерот да ни ја претстави, за да можеме и ние да дебатираме околу истатата и да видиме кои се мерките и критериумите кои ги предлагате за да можат општините кои не ги исполнуваат условите побрзо да ги исполнат и да влезат во втора фаза.

Друга значајна област во која што Владата исто така не нуди објаснувања зошто прави одредени трансфери во Буџетот, тоа е она што го нарече министерот како мерки за консолидација на енергетскиот сектор, или средствата кои Владата

ќе ги префрли на МЕПСО, а не ги знаеме основните причини зошто се префрлуваат овие пари. Дали овие пари ќе завршат исто како првата помош која што беше дадена на МЕПСО,односно на ТЕЦ “Неготино”, значи ќе им купиме мазут, тие ќе си ја наплатат струјата, а парите нема да ги вратат на граѓаните, значи граѓаните два пати ќе плаќаат за истата струја, еднаш преку сметките, вториот пат преку помошта што од Буџетот каде што се слеваат најголем дел на парите на граѓаните, ќе им ја дадете на МЕПСО. Дали на овој начин Владата купува социјален мир и не сака или го одложува покачувањето на центата на електричната енергија со оглед на движењата на пазарот. Сведоци сме дека дури и инвестициите во енергетскиот сектор се на многу ниско ниво и последниве денови ни се случија неколку испаѓања од системот на клучни енергетски објекти, како што се РЕК Битола и Осломеј.

Значи, господине министер, вие како надлежен или чувар на парите на граѓаните треба малку повеќе да водите грижа за што ги трошите и што е приоритет во Република Македонија, но веројатно под притисок на министрите во Владата не можете да ја одбраните, иако со голем дел од овие расходи верувам дека не се согласувате, а најповеќе да ги вршите така без да дадете објаснување во Буџетот зошто парите се доделуваат на МЕПСО, тие 800 милиони денари од граѓаните на Република Македонија.

Исто така, би сакал да ги прокоментирам последните движења во делот на индустриското производство и порастот на бруто општествениот производ, значи ако во првиот квартал испаднавте помпезно, дури, на една од оние ваши познати конференции каде што премиерот објаснуваше дека многу значаен напредок е постигнат, во вториот квартал се виде дека не само што не се задржа трендот на пораст на индустриското производство, кое веројатно најмногу учествува во растот на бруто општествениот производ, туку има и драстичен пад од 3 процентни поени во растот на бруто општествениот производ, а индустриското производство покажува пораст од само 1,1 процентен поен во однос на претходниот месец или околу 2,5% во однос на претходниот период од први до осми месец во 2006 година само од 2,5 процентни поени. При тоа мислам дека вашата констатација за диверзификација на растот на индустриското производсвто кон повеќе гранки не само што не држи, бидејќи ако ги анализираме податоците за растот на индустриското производство по гранки, ќе видиме дека таа е сепак во оние области кои најмногу и традиционално извезуваат од Република Македонија, односно тоа е рударството и преработката на металите, храната, пијалаците, тутунот и тутунските производи и облеката. Значи, ниту имаме ширење на основата по која се извезува и се зголемува приливот на девизи, туку напротив останува ист, а вие не нудите никакви мерки околу тоа навистина да дојде до позначаен и постабилен раст на индустриското производство, а со тоа и бруто општествениот производ.

Мислам дека главните причини за падот на индустриското производство и на бруто општествениот производ во вториот квартал е несигурната политичка состојба која што ова владеачко мнозинство ја креираше во Република Македонија. Ако се сеќаваме само дека во мај и јуни се случуваа значајни политички превирања околу тоа дали има или нема договор меѓу премиерот и лидерот на ДУИ, дали ќе се спроведе или нема да се спроведе испаѓањето на една политичка партија од Парламентот, создавањето повторно на политичка криза во Република Македонија, во значителна мерка влијаеше и на економските движења во делот на индустриското производство и порастото на бруто општествениот производ. За да биде ситуацијата уште полоша, и во овој трет квартал сведоци сме на уште понестабилна политичка состојба во Република Македонија и мислам дека дури и третиот квартал кој што на некој начин можеби треба да биде најсилен навистина ќе потврли во делот на порастот на индустриското производство затоа што и сега имаме политичка криза директно менаџирана или испровоцирана од страна на владеачкото мнозинство. Затоа покрај економските мерки, ќе треба многу труд да вложите во вашата коалиција и политичката стабилност во Република Македонија да биде на значително повисоко ниво, ако сакаме навистина да имаме стабилен пораст на индустриското производство и да привлечеме странски инвестиции, и да овозможиме економски развој и да овозможиме намалување на невработеноста.

Жал ми е исто така, што во ребалансот на Буџетот Владата не предвиде средства прво за стечајните работници кои навистина држат рекорд во штрајкувањето пред Собранието на Република Македонија и кои не знам на што ќе се надеваат. Кога се гледате со нив, им ветувате дека нешто ќе се случи, но кога ќе дојде конкретно ребаланс или некои средства да се префрлаат, никаде ги нема во вашите проекти. Дел од вашите коалициони партнери им ветуваат дека ќе го решат проблемот и навистина треба да се замислите сериозно како може да дозволите седум месеци една значајна група на граѓани кои се жртви на транзицијата да седат пред Собранието, а вие пред тоа да не понудите никакво решение, никакви мерки за нивните проблеми.

Исто така ми е многу жал што не предвидовте да продолжи да важи Законот за пензиско и инвалидско осигурување за да можат луѓето да се пензионираат и по основ на стаж уште за најмалку 5 години, бидејќи праксата покажува во најголем број земји реформата на пензискиот систем трае од прилика до 10 години, а вие сакате со 5 години со сечење на условите наеднаш да овозможите да не важат повеќе старите услови. Многу луѓе само за 2-3-5 месеци или за месец дена не можат да добијат пензија иако имаат и 40 години стаж или 35 години за жените само затоа што вие не сакате да предвидите средства во Буџетот и да ги

усвоите измените и дополнувањата на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, имајќи предвид дека дури и во Буџетот наведувате дека не се оствариле предвидувањата за прилив на нови пензионери во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и дека има уште многу простор да доаѓаат нови пензионери по основ на планираните трансфери. Навистина мислам дека немате чувство за основните проблеми на граѓаните.

Во делот на земјоделството, исто така испаднавте како Влада, како Министерство и најавивте дека многу пари ќе се вложат во земјоделството и дека почнува нова етапа во неговиот развој. Само оваа година по неколку основи бевте демантирани како Влада, а најтешка и најизразена е состојбата во делот на сточарството и интервентниот увоз на жито. Значи дозволивте како Влада со вашето неодговорно однесување, несфаќаајќи дека оваа година иако има стручњаци кои прогнозираат каков ќе биде родот на овие култури, да ги земете предвид нивните укажувања дека ќе биде многу сушна годината и дека ќе нема приноси како што имало во други години, дека ќе се јави значителен недостаток и на сточна храна и на жито, да предвидите увоз уште во месец април или мај. Вие чекавте, министерот излегуваше со свое видување дека има доволно жито, дека има доволно пченка, дека има доволно јачмен и други компоненти од сточната храна и дека нема да криза. Сега сме сведоци, не само што има криза, туку и нема од каде да се набави храна, па затоа земјоделците и сточарите се принудени својот добиточен фонд да го продаваат, да го колат, а потоа повторно да вложуваат средства за негова обнова. Такво неодговорно однесување јас мислам дека не е во ред, без разлика што тука некои колеги кога расправавме за земјоделството не обвинуваа дали треба во Владата да земете индијанци или не знам што да ви го предвидуваат времето, па да кажат каков ќе биде и родот оваа година. Навистина несериозно однесување и сега гледаме дека и приватните компании не ги земаат лиценците, дозволите за увоз, туку напротив ќе мора да се оди со јавна набавка од страна на државата, а знаеме дека таа одзема време и дека најмалку уште 4 месеци нема овој проблем нема да се реши, пред се на штета на земјоделците и сточарите. Такво однесување мислам дека не може да се толерира.

Очигледно притиснати од сите овие проблеми кои се јавија во Република Македонија вие повторно како Влада се решивте на популистички мерки. Премиерот најави, излезе на прес-конференција, цела Влада се сликаше и рече дека ќе има покачување на платите на буџетските корисници и дека од 1 јануари 2008 година ќе им ги зголемите пензиите на пензионерите. При тоа реков и во вашето експозе дека ќе ја зајакнете материјалната сигурност на граѓаните или посебно на оние буџетски корисници на кои ќе им ги зголемите платите. Но господине министре, реалноста е поинаква и граѓаните брзо ќе согледаат дека не само што нема тоа да им го зголеми животниот стандар, напротив, со покачувањата на основните прехранбени артикли, тие дури и со покачените плати не ќе можат да ги купат основните прехранбени артикли за да можат да опстанат. Само за една илустрација, бидејќи многу цени се покачија, ќе земам пример со маслото за јадење. Знаеме дека неговата цена од 60 денари се качи на 90 денари. Со постојната просечна плата, која изнесува околу 14.200 денари, ако решите да купите масло за јадење по 60 денари ќе можете да купите 237 литри. Ако добиете покачување од 10% во месец октомври со цената на маслото за јадење од 90 денари сега ќе може да купите само 174 литри масло за јадење или со сите покачувања од 33% кога платата ќе изнесува во 2009 година 18.800 денари по цената на масло од 90 денари ќе може да купите само 209 литри масло за јадење. Значи тоа е драстичен показател или пример дека со овие покачувања само на буџетските корисници ќе им овозможите да го ублажат ударот на покачувањата на цените на основните прехранбени артикли, а на сите други кои што не земаат плата од Буџетот кои што работат во индустрија, кои што нередовно земаат плата, оние што се невработени, што се социјални случаеви тие прашање е како ќе ги издржат овие ценовни шокови со покачувањето на цените на основните прехранбени артикли. И мислам дека брзо ќе сфатат граѓаните дека покачувањето навистина нема да им го подобри животниот стандард, туку ќе придонесе само за ублажување на ударот на последните поскапувња.

Во однос на пензиите многу пензионери доаѓаат на средби со нас како пратеници и коментарот нивен по однос на покачувањето е следниот: не бараме Владата да ни ги покачи пензиите, нека ни ги вработат децата кои живеат од нашите пензии, исто како да ни дале покачување на пензиите. Значи има уште една област и сега прашање е зошто Владата се реши на вакви популистички потези, а не се реши тие пари навистина да ги инвестира во поширoки проекти кои што ќе донесат подобрување на економската состојба и стандардот на повеќе граѓани на Република Македонија, а не само на буџетските корисници и на пензионерите после 1 јануари 2008 година.

Би сакал исто така малку да прокоментирам околу здравството. Навистина сведоци сме дека овде не ги зголемувате трансферите или буџетот на Фондот за здравство дека и таму е многу тешка состојбата, а посебно во делот на снабдувањето со лекови, каде што иако најавивте значителни реформи, главната реформа остана на тоа сега истото количество на лекови да се распределува не на десет, туку на повеќе, на 50, 60 аптеки и лековите повторно да ги нема, па сега граѓаните наместо во една или две аптеки по градовите ќе мора да шетаат по сите аптеки и повторно нема да ги најдете лековите.

Споревме и при намалувањето на ДДВ за лековите дека многу подобро ќе беше тие средства да ги употребите за зголемување на количеството на лекови од позитивната листа,

отколку вака да одите со намалување на ставката, без при тоа да имате механизми како ќе го контролирате намалувањето на цените на лековите за 13% поени. Навистина, немате такви механизми и многу е веројатно дека овие намалувања на ДДВ значително ќе завршат во џебовите на веледрогериите или на аптеките, а граѓаните многу малку ќе почувствуваат од намалувањето на цените или од ДДВ за лековите.

Направивте напор во Железницата. Таа е државна компанија. Им наредивте, ја намалија цената на билетите за 13%. Но и понатамуќе се соочувате со проблемот на работа со загуби на Македонски железници. Тоа е ваша одговорност и ќ видиме како понатаму ќе се развива состојбата во ова јавно претпријатие.

Би сакал уште да прокоментирам за Велес. Бидејќи доаѓам од таму, навистина е еден град кој се соочува со сериозна економска криза. Особено за два проекти, за што во Парламентот се отвори значајна дебата. Тоа е свлечиштето Рамина. Гледам дека сте ги намалиле средствата за 20 милиони денари. Веројатно сте одлучени да не ни давате објаснување зошто е тоа направено, со оглед на тоа што сакате набрзина да го поминете ребалансот на Буџетот. Исто така сте ги намалиле и средствата за театарот од 12 милиони на 6 милиони денари. Повтроно, веројатно, нема да не удостоите со објаснување зошто ги намалувате средствата, ако веќе во градот Велес немате инвестирано ништо друго. Немате отворено ниту технолошко индустриско развојна зона, иако Велес е индустриски гад, ниту планирате да отворите факултет од Универзитетот во Штип, иако го најавувавте. Не планирате на ниту еден начин да го отворите процесот на економско заздравување на Велес.

Има голем број на невработени. Не работат сите капацитети, навистина треба посериозно да се занимавате со овие градови. Тоа се градови што немаат алтернативни можности за преживување, затоа што нема многу можности за развој на земјоделието или за некоја друга област. Луѓето се научени да работат во индустриските капацитети. Работната сила е обучувана за тоа да ги врши овие дејности. Но вие, како Влада, очигледно го имате отпишано Велес од вашите проекти. Навистина ми е жал, затоа што Велес, сепак, бил еден град кој бил на 5 или 6 место во Република Македонија по основ на придонес во развојот и на Републиката и на тогашната држава. Сега да дојде во ситуација да нема луѓето од каде ниту да побараат работа, ниту да приживуваат.

Ако сакаме да з боруваме за овој ребаланс на Буџетот не можеме да го одминеме чувството дека повторно ги зголемувате средствата во Агенцијата за привлекување на странски инвестиции без придоа да објасните зошто е тоа така. Поминува година дена од вашето работење, ниту давате објаснување колку пари потрошивте за кампањата “Македонија рај за инвестирање”, ниту за другите ваши кампањи. Сега, тој дел го намалувате, го зголемувате во Агенцијата за развој, за привлекување на странски инвестиции, а притоа не давате никакво објаснување зошто се прави тоа.

Дури и во делот на изградба на технолошко индустриски развојни зони ги намалувате средствата. Како Парламент мислам дека треба од страна на Владата, од вас, како овластен министер кој треба да го брани ребалансот на Буџетот, треба да ни дадете точно објаснување за што се работи. Зошто токму во Агенцијата за привлекување на странски инвестиции се зголемуваат средствата за повеќе од 170-180 милиони денари? За што се наменети тие средства? Зошто се намалуваат средствата за изградба и развој на слободни економски зони ако проектот веке толку го најавувавте како успешен и како проект што ќе донесе резултат? Па сега, има најави дека тоа што го зборуваше опозицијата ќе дозволите и домашните компании да инвестираат во овие економски зони, затоа што очигледно, од страна на странските инветитори сеуште нема интерес да дојдат и да инвестираат. Можеби има интерес за условите, но сеуште не сме сведоци дека некоја стрнска директна инвестиција дошла да инвестира во Република Македонија.

Имајќи го предвид сето ова, можеби до крајот на оваа година нема да имаме друг ребаланс, освен пред крајот на годината, кога ќе ги пеглате одредените ставки, мислам дека и со овој ребаланс на Буџетот нема нешто посебно да промени во Република Македонија. Дека граѓаните не треба да очекуваат чуда, тоа го потврдуваат и последните анкети, каде што кажаа дека дури сметаат дека состојбата во однос на претходната година и се влошува.

Од тие причини ќе кажам дека јас нема да го подржам овој ребаланс на Буџетот и ќе гласам против. А, апелирам до Владата да собере сила сие капитални инветиции, иако намалени да ги реализира до крајот на годината и повеќе внимание да обрне на оние градови што навистина се погодени од случувањата односно од транзицијата каде што луѓето тешко наоѓаат егзистенција. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Би сакал да се осврнам на неколку точки, затоа што излагањето на претходниот дискутант беше мошне долго.

Ќе кажам дека ова е несфатливо и во ниту една демократија не можеме да најдеме ваков случај како што се случува во македонскиот парламент да опозицијата критикува она што значи зголемување на платите или намалување на даноците. Секаде во светот опозицијата е онаа која бара зголемување на платите и намалување на даноците. Кај нас, во Македонскиот Парламент се случуваат несекојдневни работи. Се случуваат обратни од она што е редоследот и начинот на кој што треба да дискутираме. Околу она што колегата се осврна и напрви една, да кажам,

лаичка споредба со маслото за јадење, јас колега ќе напомнам дека сигурно маслото за јадење и другите прехранбени продукти, сигурно дека прв пат нема да поскапат. Од 1990 година па до денес прехранбените продукти во повеќе наврати се зголемувани. Да не речам, многу, многу пати, но ќе напомнам само дека во времето на владеењето на ВМРО ДПМНЕ од 1998 до 2002 година и повтроно сега, оваа власт, изнаоѓа начин како на Буџетарите да им се зголемат примањата.

Тоа не е нешто што треба да кажеме дека треба да го критикуваме но реков дека треба да служи како пофалба, затоа што сепак од 1990 година, навистина од онаму од каде што јас доаѓам, од просветата, платата е зголемена само два пати. Од 1998 година и сега ќе се зголеми повторно. Значи, со доаѓањето на ВМРО ДПМНЕ на власт.

Но, ќе напомнам дека со претходниот буџет, кога го донесувавме во Комисијата за образование, мојата забелешка беше токму таа дека Владата обезбеди доста средства за она што значат капитални инвестиции во образованието. Дека многу малку се води сметка за платите. За наша среќа ке кажам дека оваа Влада смогна сили и ете, успеа да обезбеди финансии за зболемување на планите во образованието, како и кај другите буџетари.

Инаку, би се послужил господине Марјанчо со “Капитал” што е тука и она што се  мали цитати, да кажеме и од нашиот премиер господинот Никола Гуревски:

“Изгледа дека сите во Македонија се навикнаа полесно да го прифаќаат неуспехот отколку успехот. За жал, тоа е вистината и за овој Парламент, затоа што не можеме да се помириме дека оваа Влада дава успеси”. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Конра реплика господинот Марјанчо Николов, вашата минута, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Господине Грозданов,

Ние не го критикуваме покачувањето на платите. Само кажуваме дека сето тоа нема да биде доволно да се уважи ценовниот шок што ќе го доживеат гаѓаните со покажувањето на основните прехранени артикли. Ќе им олесни пред се само на Буџетските корисници полесно да го преживеат ударот. Додека другите граѓани на Република Македонија ќе се снаоѓаат како можат и како умеат.

По однос на другите области, самиот се демантиравте, рековте дека ќе има уште покачувања.

А, во однос на успехот, добро е, декларативно сите се заложуваме дека можеби има успех, но граѓаните сеуште немаат почувствувано ништо од мерките на Владата. Тука можеме да спориме, колку сакате или можеме заедно да оргнаизираме една  средба со граѓаните, да ги слушнеме нивните мислења.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господинот Веле Митаноски, повелете.

**Веле Митаноски:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани пратеници, почитуван министре Славески,

Дозволете ми во наредните неколку минути да го искажам ставот на НСДП и во мое име и во име на патеничката група да го поддржам донесувањето на измените на Буџетот за 2007 година, да дадам и некои мои размислувања, што се размислувања и на пратеничката група во смисла на некакво подобрување.

Веднаш да кажам дека е добро што Владата одлучи да ги зголеми платите на вработените во институциите што се финансираат од Буџетот. Со усвојувањето на ребалансот на Буџетот ќе се создаде материјална основа за исплата на овие покачувања на платите.

Зголемувањето на платите како и намалувањето на стапките на ДДВ за купување лекови, информатичка опрема, превоз во јавниот сообрќај, одкуп на земјоделски производи од регистрирани земјоделци и сточари, како и за купување семенски материјал и средства за заштита на растенијата се социјални мерки на Владата што произлегуваат и од базичната програма на НСДП.

Една од причините за поддршка е и фактот што во оваа Влада партиципираат и министри предложени од НСДП. Ја имам слободата да кажам дека најголемиот дел од одлуките од социјален аспект што оваа Влада ги донесе се составен дел од Програмата на НСДП. Се работи за подобрување на животниот стандард на населението и мислам дека никој не би бил против тоа.

Поддржувајќи ја одлуката на Владата, би сакал да го искажам и нашето мислење дека во овој случај или во наредните зафати, можеби треба да се мисли пошироко не само за вработените и не само за пензионерите. Имено, како партија од левиот центар НСДП се залага Владата да донесува социјални мерки за помош на целото население, а посебно да се грижи за најсиромашните, бидејќи солидарноста е основа на нашата програма. Ним, може да им се помогне со вработување, но до тогаш додека не најдат работа и со мерки што ќе помогнат тие да го премостат тој тежок период кога им требаат и најосновни средства за живот.

Оттука, поаѓајќи од ова, пратеничката група на НСДП поднесе Предлог на закон, со Предлогот на закон да се реши и проблемот на стечајците од фирмите кои беа ликвидирани или оние кои прогласени за технолошки вишок. Овој Предлог на закон е во собраниска процедура и се надеваме дека без одлагање ќе биде разгледан и скоро усвоен. За реализирање на обврските од овој закон предложивме да се обезбедат средства со ребалансот на Буџетот, а како што вие е познато, нашите пратеници поднесоа амандман.

Имено, во изминатата ситуација кога ребалансот се става на дневен ред, сега, пред да се разгледа Предлог на законот за стечајците, мораме да интервенираме на овој начин со амандман, како би можело да се обезбедат средства во Буџетот, заедно со обезбедувањето средства и за покачување на платите.

Во утврдувањето на висината на средствата, појдовно од пресметката направена согласно податоците собрани преку наши избори и со помош на самите стечајци, имено предлагаме да се обезбедат околу 90 милиони денари, со кои би биле покриени надоместоците за невработените, согласно со наведениот Предлог на закон што ние го предложивме.

Според нас, станува збор за околу 6 илјади лица кои би добиле по 5000 денари месечно до крајот на 2007 година од овој Буџет. За идната година би биле планирани средства во Буџетот за следната година. Да спомнам дека точниот број на невработени според овој закон и висина на надоместокот би бил утврден и врз база на податоците, што ги очекуваме, но за жал не ги добиваме од Агенцијата за вработување.

Се надеваме дека сите пратеници ќе имаат чувство на солидарност на овој начин, граѓаните кои останале без своја вина на маргините на општеството, како последица или попатна колатерална штета на приватизацијата што се напрви во нашата земја, таа непрвда на некој начин да биде исправена.

Сега ќе ми дозволите уште неколку зборови, да се вратам на одлуката на Владата, на предлогот на покачување на платите и пензиите, што е предмет на расправа на денешната седница, на која што треба да се усвои изменувањето и дополнувањето на Буџетот за 2007 година.

Бидејќи кажав дека ќе имаме и некои свои размислувања, мислам дека можеби требаше да се оди на некакво полинеарно зголемување на платите и пензиите. Се разбира дека во минатото имало и такви системи. Меѓутоа, во ситуација коа минималните плати се такви што не можат да ги покријат ниту основните потреби на семејството, мислам дека ќе беше далеку подобро и поцелисходно да се предидеше поголемо процентуално зголемување на оние категории вработени кои се со пониски плати. Вака, распонот меѓу најниските и највисоките наместо да биде смален, ќе се зголеми, што се разбира не може да се поистовети со некакво залагање на НСДП за урамниловка.

Но, контактирајќи со граѓаните кои имаат ниски плати, тие од нас бараат да им објасниме зошто е донесена таква одлука или став и што тие со своите 8 илјади денари, на кои ќе добијат да речеме 800 денари можат да направат при покачување на цените на производите? Ист би бил случајот и со пензионерите кои немаат ниту толку.

Затоа предлагаме во проекциите на Буџетот за 2008 година да се разгледа можноста на вработените со пониски плати да добијат зголемен процет на покачување од планираните 10%.

Оваа можност ја користам да укажам дека треба да се направат напори да се постигне договор за зголемување на најниската плата во државата, што ќе биде блиска до потрошувачката кошница. НСДП смета дека во денешните пазарни економски услови, таа не би требала да биде пониска од 8000 денари нето плата месечно.

Сакам да потсетам дека Република Македонија и според Уставот е социјална држава. За да се реализира таа уставна одредба неопходно е определување на минимална плата за нормално вложен труд во текот на еден месец од која понатаму ќе се мери трудот според категории на вработени, образование, минат труд итн.

Почитувани колеги,

Потегот на Владата за зголемување на платите на вработените во институциите што се финансираат од Буџетот е доказ дека откако се констатира дека во Буџетот се собраа повеќе средства од планиратени, Владата посака да им го зголеми животнот стандард на вработените што ние го поддржуваме, што за жал во последните години беше во постојан пад поради инфлацијата, онолкава колкава што беше.

Всушност, со покачувањето на платите од 10% годишно, во наредните три години ќе се покрие и така да речам, минималната инфлација од последните години, а разликата е за подобрување на животот на граѓаните.

Оваа владина одлука или став е во согласност со програмата на НСДП, во која рековме дека ќе водиме сметка за платите и пензиите да ја следат инфлацијата, како не би се намалувал животниот стандард, односно истиот да се зголемува преку зголемување на реалните плати.

На крајот, уште еднаш сакам да кажам, да го искажам моето мислење и мислењето на НСДП дека ребалансиран буџет за 2007 година беше потребен, не само за покачување на платите и пензиите, туку и за покривање на некои други нови трошоци кои се појавија по изгласувањето на претходниот Буџет, вклучително и зголемувањето на средствата поврзани со децентрализацијата, но за тоа јас ќе говорам во некоја друга прилика. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Збор има господин Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, драги колеги пратеници, почитуван министер за финансии

Претпоставувам дека последните говорници ги кажуваат ставовите на политичките партии на кои припаѓаат но јас да кажам еден мој независен став, за едно мое размислување и верувам дека во најголем дел од мојата дискусија, ќе се повторам со она што го кажаа и претходните дискутанти. Но да не биде залудно нашето доаѓање, ќе се обидам низ оваа дискусија да поставам прашање до министерот за финансии,

на кој што верувам дека ќе ми одговори, ако не сега, во некоја наредна прилика.

Апсолутно се согласувам дека со ребалансот на Буџетот, кој што Владата го обезбеди со зголемена наплата на даноците во Република Македонија, треба да се дел од колачот, да речам, да се подели на вработените во администрацијата, кои што во последните неколку години неправедно беа потценувани, односно беа депресирани со личните доходи.

Меѓутоа јас сум на становиште како и претходниот колега Веле Митаноски, дека лично тука има една мала диспропорција, дека не сме коректни, односно со покачување на 10% на нашите плати и на избраните функционери, 10% на 40 илјади и 10% на 7 илјади на вработените во Собрание кои што по цел ден работат заедно со нас и повеќе од техничките служби, не е исто. Затоа што покачување номинално од 700 денари и 4 или 5 илјади денари, не даваат исти резултати.

Втора работа, за која што сакам исто и претпоставувам дека претходните говорници говореа, дека ова покачување само по себе нема да значи ништо, ако трошоците на живеење секојдневно се покачуваат. Ако е реално она што го зборуваа колегите дека маслото за јадење, шеќерот и останатите секојдневни производи, или да речеме доматите кои што прв пат во историјата на независна Македонија доживеаа цена од 100 денари на пазарите, за што велам дека трговците се задоволни, меѓутоа најголемиот дел од граѓаните не го делат истото задоволство, сметам дека Владата во своето размислување и во делот на реалокација на средствата во наредниот Буџет треба да размисли и за можеби поголеми субвенции кај земјоделците, да можат земјоделските производи во Република Македонија да бидат достапни до граѓаните на Република Македонија. Ако Македонија е држава која што произведува најквалитетни пиперки и домати, не би требало утре на нашите трпези да бидат луксуз доматите и пиперките. Особено, по вчерашната статија што ја гледав на телевизија кај фармерите и земјоделците, мислам дека Владата, почитуван министре, ќе треба во изготвувањето на новиот Буџет да ја земе и оваа претпоставка дека заради раст на одредени цени на светскиот пазар и заради недостиг на сточна храна и заради атмосферските услови, ќе се зголемуваат тие трошоци и дека ќе треба да им помогнеме на нашите земјоделци, сточари и фармери, за надминување на овие проблеми.

Мене ми е јасно дека Владата не може да го контролира времето и настаните, меѓутоа, сигурен сум дека со мудра политика, која што оваа Влада или било која друга треба да ја прави, треба да биде подготвена на секој вид сценарија.

За ценовниот шок што ќе го предизвика струјата, или немањето на струја за тоа веројатно ќе се зборува на некоја друга седница.

Би сакал само да ве прашам, почитуван министер доколку можете да ми одговорите, ќе кажам еден конкретен пример, претпоставувам дека одговорот ќе биде во таа насока која сакам да ја чујам, меѓутоа, да се обидете како министер за финансии во наредниот период да најдете модус да им се помогне на стопанските субјекти. Апсолутно се согласувам и ги поддржувам вашите напори и напорите на оваа Влада и на претходната и на секоја друга, да се наплатат даноците во Република Македонија. Сигурен сум дека со 100% наплатени даноци нема да има проблем во Буџетот да се најдат средства и за пензионерите и за административните работници и за сточарите и за сите. Само сакам да ве прашам, конкретно вчера во разговор со еден мој пријател, ќе ви кажам, општина Куманово беше претходно блокирана поради ненаплатена ДДВ со 60 милиони денари. Тие ги наплатија, бидејќи според завршната сметка имаат прикажано одредена добивка им се блокира сметката за 10 милиони денари. Меѓутоа, проблем се тоа што се ненаплатени побарувања. Јас сум сигурен дека тој закон не е од ваше време и тоа го знам, дали може Министерството за финансии како размислување, Владата на Република Македонија да најде модалитет или да се поспеши платниот промет, каде што оние што должат парите да ги плаќаат на општините или на стопанските субјекти, затоа што со секое книжење, предизвикува и последици за самиот стопански субјект, општина или било кој учесник во тој платен промет, да го плати данокот на добивка. Значи, се блокира буџетската сметка на општината Кумоново, а Владата, односно Армијата, одредени министерства должат пари на истата општина. Значи, од една страна Министерството за финансии, што е за поздрав, си ги наплаќа своите пари, меѓутоа, другиот дел од Владата, одредени министерства не плаќаат одредени давачки према општината или према јавни претпријатија. Така доаѓаме во состојба соодветни стопански субјекти кои што би требало без проблеми да функционираат да дојдат во можност да бидат блокирани и слично.

Затоа почитуван министер не морате сега, можеби во завршниот збор, ќе можете да ми одговорите дали Владата размислува во тој дел за некои поспешувања на платниот промет, или она што го прифативте, што ние како пратеници го имавме, што го прифативме и вие го прифативте намалувањето на ДДВ кај комуналните услуги на јавните претпријатија. Мислам дека ако во тој сегмент се најде модус, тоа да се регулира, верувам дека и на вас како министер за финансии и на Министерството за финансии и конкретно и на Владата ќе и биде многу полесно да ја обавувате вашата примарна функција, затоа што не е само масата на парите кои што се собираат туку и начинот на вртење на парите во платниот промет, придонесува едно општество да биде генерално солвентно и граѓаните подобро да живеат. Доколку можете да ми одговорите за вашите размислувања би ви бил благодарен. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Господине Трајанов, реплика ли е, или збор? (Збор)

Во тој случај збор има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата на Република Македонија.

Јас ќе започнам со една кратка анализа на експозето на господинот Славески, кој имавме можност да го чуеме во текот на минатиот ден, а во врска со вториот ребаланс на Буџетот кој го разгледуваме на седница на Собранието на Република Македонија, по предлог на Владата на Република Македонија.

Значи, господинот Славески започна со тоа дека Владата го предлага и овој пат ребалансот. Овој е втор ребаланс на Буџетот на Република Македонија за 2007 година, како одраз на ефектите од заживувањето на економската активност, доследно спроведување на реформските политики, не селективното исполнување на законските обврски кон државата и успешно управување со јавните финансии. И ова ќе биде алка и обетка на моето излагање, на моето гледање кон овој предлог на Владата.

Значи според господинот Славески цврста определба на Владата за трансформација на досегашната функција на државата, односно нејзиното поставување во функција на развој на приватниот сектор, ги дава очекуваните ефекти во текот на оваа година од практицирање на Владата предводена од премиерот Груевски и вели дека тоа се повеќе ја стимулира нејзината економска определба насочена кон постигнување на крајните цели, а крајни цели според господинот Славески на оваа Влада се високи стапки на економски раста, во основа за започнување на зголемување на животниот стандард на граѓаните на Република Македонија.

Јас навистина, сериозно се запрашувам, говориме ли ние за истата Република Македонија онаа што во своите параметри, пред нас ја изнесе господинот Славески. Ќе започнам со ред:Господинот Славески вели дека економските резултати во Република Македонија во 2007 година се најдобри во досегашниот период на транзиција. Во првиот квартал бруто домашниот производ изнесува 7%, податок кој нема блага врска со сериозната ситуација во поглед на економскиот раст на Република Македонија. И како што вчера убаво пред нас образложи мојот колега Игор Ивановски, за да имаме раст на бруто домашниот производ од 7%, навистина беше потребна виртуелна математика од страна на Државниот завод за статистика, предводен од госпоѓата Благица Новковска. Не може да говориме за ваков процент на економски раст кога реалните, вистинските бројки со својата моќ покажуваат дека месеците мај, јуни и јули, индустриското производство беше помало во однос на истото минатата година и тоа за цели 2,2% во јуни цели 7%, во мај 5,8%. Ако од ова намалување на индустриското производство за вториот квартал некој пресметал пораст од цели 4% на бруто домашниот производ е навистина виртуелна математика, весела математика, бидејќи фактите говорат друго. Во периодот меѓу 14 септември и 17 септември, Институтот за демократија спроведе телефонска анкета за испитување на перцепцијата на граѓаните на Република Македонија за политичката и економската ситуација во нашата земја. Ова се резултатите од тоа испитување. Значи ние може да говориме, можеме да побараме од една партизирана институција како што овој момент е Државниот завод за  статистика, да си нарачаме свои резултати со кои ќе тврдиме дека во Македонија се направил некаков економски бум, но перцепцијата на граѓаните е оваа. На прашањето ако ги споредувате состојбите во Македонија со оние од пред една година, дали би рекле дека економската состојба е подобрена или влошена, 72% велат дека е влошена и непроменета. И тоа е факт, тоа се граѓани на Република Македонија за кои не им е доволно да им кажете или да направите медиумски спот да ги убедувате колку поубаво живеат. Тие граѓани со своите лични доходи одат на пазар да ги намират своите потреби. Оваа година, овие 12 месеци тие реално за своите плати добиваат помалку отколку пред една година. На прашањето ако ги споредувате состојбите во Македонија со оние од пред една година, дали би рекле дека политичката состојба е подобрена или влошена. 79,8% сметаат дека е влошена или непроменета. На прашањето дали денес споредбено со состојбата од пред една година стандардот на вашето семејство е подобар или полош, цели 82% граѓани на Република Македонија живеат полошо или без промена од лани. Каде се резултатите на вашите проектирани економски развојни програми на хратија, господине Славески. Или кој ги чувствува, или уште подобро, колкав е процентот кој живее подобро, граѓанин, кој живее подобро од лани, кој почувствувал дека навистина во првиот квартал економскиот пораст имал 7% во вториот 4%. Каде се тие граѓани? Дали денес споредено во состојба од пред една година условите за лекување се подобри или полоши. 71% од граѓаните велат дека се полоши. 71% од граѓаните сметаат дека од лани помалку се почитуваат правата на загрозените лица. Каде се вашите економски резултати или кој ги чувствува повторно.

Значи, не е доволно, со оглед на тоа што материјализацијата на намерите на Владата да практикува власт во Република Македонија значат токму проекција во трошењето на нивните пари, а тоа е Буџетот на Република Македонија, повторно, ќе започнам кратко да образложувам зошто СДСМ и овој пат господине Славески нема да го поддржи вашиот предлог, бидејќи е нереален, бидејќи е недомаќински и бидејќи ја изразува само вашата политичка потреба да практицирате власт, која само вам ви одговара. Од оној момент кога се обидовте во тоа, за жал, успеавте да го уништите политичкиот дијалог во Република Македонија, нормално спроведувајќи

желба и намера за партизација на сите нивоа од јавна администрација, од државни институции, од невладини сектори, од приватни сектори итн, само и само за да проектирате, или да убедите дека подобро се живее од лани. И само, и само за да можете да си обезбедите континиурана власт, бидејќи реално немате моќ ниту во вашата владина коалиција да ги истуркате овие 4 години, односно да исполните макар и дел од вашите предизборни ветувања, со кои граѓаните на Република Македонија ве донесоа на власт, вие имате потреба да ги виртуализирате податоците за економски пораст во Република Македонија.

Господине Славески, измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија се предлагаат заради соодветно корегирање на проекциите на приходи и расходи врз следните претпоставки. Само пред два месеци следеше првиот ребаланс на Буџетот за кој на долго и на широко говоревме како опозициони пратеници, дека се реално неостварливи. За два месеци вие самите себе си се демантиравте и носите, предлагате пред нас повторно корекција на проекцијата на трошењето на парите на граѓаните на Република Македонија, согласно овие претпоставки. Одлична реализација кај сите видови даночни приходи.

Господа пратеници, сигурна сум дека голем дел од вас вчера го следеа прилогот на една од нашите телевизиски куќи, каде што граѓаните на Република Македонија кои ги добија годинашните решенија за уплата по основ на данок на имот, реагираат, бидејќи оваа година тие решенија се зголемени по просек од 150 до 300%. Па ние не убедувате дека Македонија има најмали даночни стапки по сите основи. Вие потрошивте еден куп пари на граѓаните на Република Македонија да убедите дека спроведувате даночна политика на намалување на даноците и ги убедивте граѓаните се додека не им ги испорачавте новите решенија. Ми се чини дека еден господин кажа дека за викендичката за која лани платил 580 денари данок, новото решение му изнесува 1680 денари данок. Тоа е виртуелен начин на спроведување на даночна политика. Исто како што не убедувате сега дека ќе покачувате плати на буџетски корисници и на пензионери. Но и буџетските корисници и пензионерите ќе се соочат за жал, со фактот дека и со зголемениот износ на пензија ќе добиваат помалку стоки и услуги, ќе има помала моќ нивната пензија или плата, заради тоа што не умеете да најдете начин да се справите со енормното зголемување на трошоците на живот. Тоа ќе значи, сериозен финансиски удар врз буџетот на секое семејство во Република Македонија. И тогаш ќе правите медиумски кампањи? И тогаш ли врз свеста на народот ќе ги убедувате на вас сигурно ви е подобро од лани. Па ќе ви кажуваат ама помалку можеме да купиме. Не, ќе излезете сите како што и вообичаено правите, ќе ги убедувате дека мора да се грешка. Дека износот од 150 до 300% зголемен данок на имот, значи намалување во даночната сфера. Се помалку и помалку ќе ви успева тоа. Се помалку и помалку виртуелната математика ќе значи ваш економски резултат како Влада.

Повторно ќе поставам прашање до претставникот на Владата господинот Славески, иако знам дека и овој пат господинот ќе го одмолчи одговорот. Како 4-та точка, или четврт принцип за поднесување на овој ребаланс на Буџетот господинот Славески наведе дека како обезбедување на средства како подршка на финансиската консолидација на енергетскиот сектор. Со оглед на тоа што доаѓам од Битола, имате ли одговор што се случува во РЕК Битола? Трет пат, месец, два, после ремонт на првиот блок, повторно блокот паѓа. Ова е претпоставувам трет пат Република Македонија да врши увоз на електрична енергија. Иако за првиот пат добивме одговор колкава е висината на буџетски средства кои се оделија за увоз на таа електрична енергија. Јавноста на Република Македонија не дозна колку изнесуваше вториот увоз на електрична енеергија исто кога падна третиор блок од РЕК Битола. Пред 50-тина, 60-тина дена заврши ремонтот на првиот блок, во петокот на полноќ падна и првиот блок. Во овој момент имате ли сознанија дали се врши увоз на електрична енеергија, по која цена и во која количина? Не убедувавте дека ќе бидете најтранспарентната Влада во досегашната независна историја на Република Македонија. Не е транспарентност да ве гледаме во медиумски спотови, транспарентност е кога ќе можете на говорница да одговарате на прашањата на пратениците на Република Македонија, бидјеки ги поставуваат до вас од страна на граѓаните на Република Македонија. И ако навистина увозот на струја се врши по 3 до 3,5 пати погоелма цена од онаа, од цената на киловат час која се произведува во Република Македонија, се знае кој ќе ја плаќа разликата. Се знае кому ќе ја испорачате крајната цена. Не може вие да ни тврдите дека со овој ребаланс ќе обезбедите средства како подршка за финансиска консолидација на енергетскиот сектор кога речи си еднаш месечно некој од капацитетите ви паѓа. И зошто е тоа така? Како може после ремонт да падне повторно блок. Многу нејаснотии ќе останат и после овој ребаланс на Буџетот. Ниту добивме соодветни објаснувања кога го носевме Буџетот при крајот на декември, ниту кога го гласавме првиот ребаланс, а еве го и вториот. Повторно ќе се занимаваме со суви бројки кои не значат буквално ништо. Реалноста е сосема поинаква и многу помалку розова.

Би сакала само уште на еден сегмент да се обратам, околу процентот и повторно околу резултатите на Државниот завод за статистика за кој не убедувавте дека процентот на невработеноста во Република Македонија изнесува 35%, до 36%, или околу 370 илјади армија невработени кои преку ноќ, претпоставувам со нова методологија сега падна на 15%, или на околу 150 до 160 илјади невработени. Повторно ќе ви треба силна

медиумска кампања на Владата на Република Македонија за да можете да ја протуркате и оваа манипулација со бројки околу невработеноста. Но, фактот говори дека во програмата во овој ребаланс Агенцијата за вработување на Република Македонија со овој ребаланс добива Буџет намален за 161 милион денари. Не дадовте објаснување зошто е тоа така со оглед на тоа што како опис и главни фуннкции на оваа Агенција велите дека Агенцијата врши услуги за задоволување на потребите на пазарот на трудот од областа на размена на трудот, евиденција од областа на трудот, осигурување и најважното остварување на правата во случај на невработеност. ЗоШто го намаливте Буџетот на Агенцијата за вработување за цели 161 милион денари. Претпоставувам дека и со тоа еден ден ќе мора да се соочите со вашето реално објаснување, бидејќи како остварување и цели за 2007 година наведувате дека во 2007 година во изминатите месеци покрај редовната и навремена исплата на надоместоците во случај на невработеност Агенцијата иницирала поголема подршка на активните мерки за вработување согласно со оперативниот план за активни политики за вработување.

Јас ќе го искористам моето прво право на пратеничко прашање до вас да поставам прашање, колкав е бројот на нововработени лица со ваш потпис господине Славески како министер за финансии во Владата на Република Македонија? Време е да почнеме да разговараме сериозно за сериозни резултати изразени преку бројки, а не резултати нашминкани, козметички дотерани кои вам ви требаат очигледно да убедите дека нешто се случува, дека во Македонија навистина егзистира економска политика која дава резултати. Немате резултати, за жал. И заради тоа не знам уште колку ребаланси на Буџетот ќе ни предвидите. Не знам како ќе оди? Но, време е да се соочите со стварноста, а стварноста вели: кога во Република Македонија Институтот за демократија ќе спроведе телефонска анкета со истите овие прашања и ќе се добијат драстично поинакви резултати, кога процентот на задоволни лица ќе расте, тогаш ќе имате реална економска ефикасност во спроведување на вашите политики. До тогаш овој ребаланс, вашите медиумски спотови, вашите кампањи се гола вода, лук и вода.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Владата на Република Македонија поднесе амандман во Билансот на приходи во Централниот буџет по ставки во втората потколона од колоната приходи во основниот буџет категорија 72 ставка 725, потставка 7252 на посебниот дел од Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година, раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 категорија 46 ставка 464, потпрограма 21 категорија 41 ставка 412, раздел 04001 Програма Д потпрограма Д4 категорија 42 ставка 425, раздел 04002 Програма 1 потпрограма 10 категорија 42 ставка 4225, раздел 09004 Програма 2 потпрограма 20 категорија 48 ставка 484, раздел 13001 Програма 3 потпрограма 3А категорија 48 ставка 482 и на раздел 14001 Програма 3 потпрограма 30 категорија 46 ставка 464 и тој е составен дел на текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 1 на воведната реченица и во табелата под воведната реченица колона 2 и за додавање нов дел ИИИ и нов член 12 по членот 11, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Пратениците Верица Филипова, Тале Герамитчиоски, Никола Поповски, Марјанчо Николов, Кире Гештаковски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска и Благородна Цветковска поднесоа амандман на раздел 15020 Програма 4 потпрограма 41 ставка 471 и раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 464 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Игор Ивановски поднесе амандмани на раздел 13001 Програма 3 потпрограма 3Е ставка 482 и раздел 18010 Програма 8 потпрограма 8А ставка 482 раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 487 и раздел 10001 Програма Д потпрограма Д8 ставка 464, раздел 16001 Програма А потпрограма А2 ставка 443 и раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 464, раздел 16001 Програма 6 потпрограма 6А ставка 482 и раздел 04001 Програма 1 потпрограма 10 ставка 464, раздел 14001 Програма 2 потпрограма 20 ставка 464 и раздел 16001 Програма 2 потпрограма 20 ставка 425, раздел 29010 Програма Г потпрограма Г5 ставка 425 и раздел 07001 Програма 1 потпрограма 10 ставка 464 и на раздел 16001 Програма 2 потпрограма 2Б ставка 482 и раздел 04001 Програма 1 потпрограма 10 ставка 464, по кои Владата не се произнела.

Кон овие амандмани се приклучија пратениците Оливер Спасовски, Тале Герамитчиоски, Владо Бучковски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Никола Ќуркчиев, Марјанчо Николов, Ацо Киров, Цветанка Иванова, Благородна Цветковска, Весна Бендевска, Борис Кондарко и Никола Поповски.

Пратеникот Благој Зашов поднесе амандман на раздел 09002 Програма Б потпрограма Б1 ставка 432 и раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 464 и на член 10 категорија 74 ставка 741 и на категорија 47 ставка 473 по кој Владата не се произнела.

Кон овој амандман се приклучија пратениците Горан Мисовски и Иван Анастасовски.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ...

Процедурално господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван претседателе, не знам од кои причини не ни е доставен редоследот на амандманите по кои што ќе треба да се дискутира. Од технички причини подобро би било, значи заради погоелма ефикасност да ни бидат доставени. Не знам зошто не е така постапено овој пат?

**Љубиша Георгиевски:** Има една претпоставка стандардна, сега добивам објаснување од секретарот, значи, кога има помал број амандмани, не се правело и до сега список.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 487 и раздел 10001 Програма Д потпрограма Д8 ставка 464 поднесен од пратениците Игор Ивановски, Оливер Спасовски , Тале Герамитчиоски, Владо Бучковски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Никола Ќуркчиев, Марјанчо Николов, Ацо Киров, Цветанка Иванова, Благородна Цветковска, Весна Бендевска, Борис Кондарко и Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии господинот Трајко Славески.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господине Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван претседателе, почитуван министер, колеги пратеници, значи амандманот се однесува на потребата од зголемување на средствата за капитални трансфери до вонбуџетските фондови за потребите на Фондот на магистралните и регионални патишта, за поправка и одржување на патиштата во Република Македонија кои се наоѓаат во катастрофална состојба. Јас и вчера во обраќањето по општиот претрес по однос на ребалансот на Буџетот посочив дека нашиот став на СДСМ е дека сега е времето да се направат некои радикални промени во креирањето на буџетската политика на Република Македонија, бидејќи Владата постојано кажува дека има доста добар прилив на приходната страна од страна на прибраните даноци. Значи,крајно време е да се зголеми инвестиционио тдел со обезбедување на дополнителни средства за санирање на постојната патна мрежа. Нема потреба нашироко да се елаборира каква е состојбата со патната мрежа. Главниот правец, значи трансферзалата Север-Југ за која што мислевме дека е во одлична состојба, добро е познато, сите оние пратеници кои што патуваат секојдневно по таа траса, знаат што се се случува на тој пат. Ќе завршат санациите на другиот дел.Нема средства за подобрување на постојната инфраструктура на тој главен патен правец, а камоли за другите магистрални патни правци за кои што состојбата е прилично лоша. Значи, во правец на привлекување на странски инвестиции во кои што еден од основните параметри секогаш на оние кои што проценуваат дали ќе инвестираат во друга странска држава меѓу другото е и состојбата со патната мрежа, односно инфраструктурата, пристапноста на патиштата, квалитетот и т.н. Мислам дека еве сме помогнале, баравме начини на кој начин да дадеме пас до Владата, до Министерството да овозможи со одредени средства да се интервенира на постојната патна мрежа. Ова беше со најдобра намера, нема некои политички задкулисни игри. Ја кажавме нашата намера, ги кажавме нашите причини зошто вака се постапува, па повелете, вие сте на потег. Министерот се изјасни дека го одбива амандманот. До колку пратениците мислат дека постојната патна мрежа, или средствата кои што се доделени за Фондот на патишта се доволни, тогаш одбијте го амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓа Верица Филипова.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитувани присутни, амандманот е предложен од пратеничката група на СДСМ и со него превидуваме еден дел од расходи на основен буџет во 2007 година од капитални трансфери се трансферира за санација, односно за потребите на Фондот на магистрални и регионални патишта за поправки и одржување на патиштата во Република Македонија кои се наоѓаат во катастрофална состојба. Република Македонија е сиромашна држава, Република Македонија имамал Буџет и од тој Буџет мора многу домаќински да се вложуваат и да се користат средствата. Јас и во вчерашната моја дискусија по општата раправа околу ребалансот на Буџетот истакнав дека ми се сомнителни и дека не ги подржувам 13-те милиони евра кои со овој ребаланс ќе се дадат на МЕПСО и на ЕЛЕМ односно на државните електростопански претпријатија за нивна санација. Тие пари ќе се дадат впрочем за купување на електрична енергија. Мислам дека е многу пологично да се дадат тие средства за саназија на патната мрежа во Република Македонија. Пред се магистралниот правец Велес-Скопје, пред се 23-те километри кои веќе една година се поправаат, односно сообраќајот се одвива во една лента на едниот дел од патниот правец Велес-Скопје, додека останатиот дел се патот Скопје-Велес е стопиран, е забранет поради санација на мостовите. Сите знаеме и целата македонска јавност знае дека тоа се средства добиени од НАТО да се поправат мостовите на тој патен правец, а што ќе биде со асфалтот на останатиот дел од патниот правец.

Наскоро ќе треба да биде вклучен во сообраќај тој патен правец со стар асфалт, и покрај тоа што цела година беше стопиран сообраќајот, нашата Влада не најде сили барем овој патен правец да го санира како што треба, барем на овој патен правец да биде поставен нов асфалт и да бидат закрпени дупките меѓу мостовите.

Поради тоа СДСМ интервенираше со овој амандман и сметаме дека е пологично тие 13 милиони евра наместо на МЕПСО да се дадат на Фондот за патишта за да се санира овој патен правец. Имено, ако НАТО даде голема сума на пари, 14 милиони евра, некои проценки кажуваат дека уште 13 милиони евра би биле потребни да се санира и овој патен правец, целиот сообраќај од Источна Македонија кон Скопје, кон престолнината на Македонија да се одвива барем на овој дел по добар патен правец. Јас не знам кога друг пат ќе има прилика во Република Македонија подолго време да биде стопиран комплетно еден патен правец и мислам дека требаше да подразмислите, да се соберат средства, да се обезбедат средства асфалтот на овој патен правец на овие 23 километри кои се стопирани една година да се промени. Вака работата ќе ја завршиме половично, вака ќе останат патиштата во Република Македонија и понатаму во катастрофално лоша состојба. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Марјанчо Николов има сега збор, повелете господине Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Би сакал да ја изразам мојата подршка на амандманот. Како што веќе зборувавме во однос на претресот во општата расправа по ребалансот на Буџетот, ова е уште еден пример дека Владата не е многу заинтересирана за капитални инвестиции, посебно за инвестиции кои се од големо значење за сите граѓани на Република Македонија и нема слух дури кога тоа ќе го предложи опозицијата дека можеби е направен пропуст при составувањето на Буџетот, па не се предвидени средства за реконструкција на патните правци, магистрални и регионални, во Република Македонија.

Сведоци сме дека повеќе од 8 - 9 месеци се врши реконстукција на делницата од Скопје кон Велес на автопатот Е-75 и дека ова беше одлична можност Владата доколку имаше малку повеќе слух за проблемите да предвиди средства да се постави нов асфалтен слој на оваа делница и на тој начин да се оспособи за поквалитетно и посигурно одвивање на сообраќајот. Знаеме дека на делницата по која што сега се одвива сообраќајот дека повеќе веројатно откако ќе се пушти другиот дел од автопатот нема да ги исполнува условите да биде во категоријата на автопат, бидејќи има многу нерамнини, крпеници и дупки и навистина не знам зошто Владата во една ситуација кога целата делница е затворена за сообраќај нема слух да обезбеди околу 13 милиони евра да се обезбедат за да се постели нов асфалтен слој. Ова ќе биде на некој начин и потврда на она што го промовира Владата во својата кампања за инвестирање дека Македонија располага со добра инфраструктура, сега ако ја гледаме состојбата навистина е катастрофална и не може да се каже дека имаме некоја добра инфраструктура, дури и на главната делница север-југ.

Бидејќи Владата не го прифати амандманот би апелирал до колегите пратеници да дадат подршка, посебно оние што секој ден патуваат, бидејќи навистина на тој начин ќе ги подобрат условите, а и сигурноста на своето патување. Уште еднаш би апелирал, капиталните инвестции се навистина битни за Република Македонија и оваа Влада малку повеќе внимание да посвети на овој дел од буџетското трошење на парите, а многу помалку пари да троши за реклами, кампањи и сопствена промоција.

Би апелирал до колегите да дадат подршка на амандманот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Весна Бендевска, повелете по втор пат.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Збор два за подршка на овој амандман.

Владата на Република Македонија со вториот ребаланс на Буџетот предвидува нови 170 милиони денари, програма Д-8 - Агенција за странски инвестиции. Ни збор за тоа во објаснувањето за Предлогот на ребалансот на Буџетот. Ни збор одговор зошто оваа Влада по кој знае кој пат опоменувана од страна на опозицијата предвидува 170 милиони денари во Агенција која до сега покажува минорни, срамни резултати. Македонија - рај за инвестиции, Македонија промовирана во енормен број странски печатени и електронски медиуми, Македонија со три патувачки министри кои бараат инвеститори и за кои по 13 месеци никој жив не знае колку не чинат тие министри, а без ниедна сериозна странаска инвестиција. Им требаат нови 170 милиони денари? Имајте милост за парите на граѓаните, имајте милост и да бидеме сериозни. Па и самиот вие господине Славески знаете дека единствено само со вложувања во инфраструктура и во услови на зрело демократска политичка клима ќе се створат услови за привлекување на странски инвестции. Тоа нема да го сторат ни господинот Ташкович, ни господинот Самак. Тие и понатаму ќе патуваат во светот, ќе промовираат нешто, нема да доаѓаат на седници за пратенички паршања да одговараат за својата работа, нема да знаеме колку Македонија им плаќа, им платила пари за одржување на нивните имоти во странство, бидејќи биле големи патриоти, дошле да работат во интерес на Република Македонија - е, за тоа требаат нови 170 милиони денари. Претпоставувам дека господиниот Славески не сака да ја слушне вистината и ќе продолжи да разговара со други пратеници. Но, доволно е граѓаните на Република Македонија да знаат, оваа Влада повторно планира до крајот на годината да вложува сериозно само во медиумска кампања и во ништо друго. Патиштата ќе ни останат срамна страна на Република Македонија, рајот за инвестиции.

Затоа сметаме дека Агенцијата за странски инвестиции не смее да ги добие новите 170

милиони денари, дека тие пари мора да одат токму во капитални инвестиции, токму за подобрување на патниот фонд на Република Македонија. само така ќе можеме да мрднеме од нултата позиција, само така некој ќе почне да не разгледува, дека можно е да ги донесе своите пари и да инвестира во Република Македонија. Очигледно е дека само господинот Груевски и неговите патувачки министри Македонија ја гледаат како рај за инвестиции. Во овој момент со овие патишта Македонија е се, само не рај. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Моето искажување по овој амандман не е толку за да кажам дека ќе го подржам амандманот, бидејќи се едно е дали јас и уште неколку други колеги пратеници од опозицијата ќе го подржиме амандманот колку и да е тој рационален, исправен и вистински. Она што сакам да го кажам во врска со овој амандман е мојата загриженост за индолентниот однос и на министерот и на колегите пратеници кога го носиме ребалансот на Буџетотот.

Се обидов и вчера во говорот и моите колеги се обидоа овие два дена, да бидеме конструктивни и рационални при расправата и при гласањето за амандманите. Не знам од кои причини за министерот е многу побитно да гледа на интернет што друго се случува, можеби во Министерството, можеби за работата во Министерството во овој момент си гледа, но несфатливо ми е за она што најмногу се расправа во било која држава во светот, а тоа е трошењето на парите на граѓаните, да имаме ваков индолентен однос. Јас сум загрижен од причини што сите ние пратениците кога ќе видиме после како нерационално се трошеле парите на граѓаните, можеби ќе следува една изјава од типот на изјавата на министерот за здравство, господинот Имер Селмани кој што рече што да одговараат тие за законот за лековите, кога законот го носат пратениците. Таа изјава точно е упатена до нас пратениците. За жал, ние и сега продолжуваме во таков стил затоа е мојата загриженост. Ако порано кога се донесуваше Буџетот или ребалансот министерот Славески барем се обидуваше или настојуваше со аргументи или контрааргументи да се спротистави на нашите барања и амандмани, сега ниту тоа можеме да го слушнеме. Не можеме да слушнеме зошто е порационално она што и вчера го зборував, порационално за државата 170 милиони денари да се потрошат во Агенцијата за промоција на странски инвестиции, отколку да се потрошат како што пред тоа беше предложено за индустриската зона во Штип, за зоната во Тетово. Околу тоа кога се донесуваше Буџетот прилично дискутиравме со господинот министер и тогаш укажав дека не се подготвени да ги искористат тие пари од Буџетот за тие зони. Сега се покажа дека бев во право, но тоа не сакаат да го признаат. Не знам колегите од претходниот мандат дали се сеќаваат, но јас бев првиот кој уште 2003 година во март промовирав и тогаш влезе и во закон и во Буџетот за испраќање на наши познати стопанственици во амбасадите во Република Македонија во поголемите центри за промовирање на македонското стопанство и привлекување на странски инвестиции. Оваа Влада има друг приод, сметаат дека тој начин не дава плод, а не даде плод заради тоа што и претходната Влада, покрај што ги испративме тие луѓе, не обезбедивме соодветна логистичка подршка. Сега несфатливо ми е, затоа сум загрижен, како индолентно се однесуваме со трошењето на државни пари. Како индолентно министерот си молчи и не сака, не на нас пратениците, туку на граѓаните на Република Македонија да им каже дека 170 милиони денари ќе бидат потрошени за промовирање на македонското стопанство и тоа ќе биде на таков и таков начин. Од ова произлегува дека 170 милиони денари од оваа ставка или сите други кои ќе бидат трошени, никој не знае во државата како ќе се потрошат. Таков неодговорен однос за мене е неприфатлив. Се обидов и вчера да бидам коректен, и денес, и да отвориме расправа аргументирана. Но оваа распава за ребалансот и на комисиите и овде се одвива така како да не е ништо проблем што некој ќе му даде 13 милиони на ЕЛЕМ и на МЕПСО и никогаш нема да каже на граѓаните уште од сега дека ќе се потрошат за тоа, ќе се купуваат нови машини, ќе се прават долноводи и не знам што друго, туку ќе бидат за подршка на енергетскиот систем. После кога ние, колеги пратеници, ќе одиме во делегација во Европскиот Парламент или во Евопската комисија, кога ќе ни кажат дека Република Македонија има погрешен приод кон трошењето на тие пари во електроенергетскиот систем или погрешен приод за нов начин на продажбата на елективчната енергија, нашиот премиер ќе ни каже па вие пратеници отидовте неподготвени. А како да одиме ние некаде подговтени, кога вие криете прво од нас пратениците, а после тоа криете и од целокупната македонска јавност. За таков приод во било која развиена демократија таква Влада нема да има подршка.

Би го замолил министерот, еве гледате и вчера и денес колку кратко дискутираме, објаснете ни за што точно ќе се потрошат тие 13 милиони, дали ќе бидат за пропаганден материјал, за огранизирање на средби или на не знам што ќе ги потрошите тие 170 милиони денари сега во Агенцијата и ќе кажете да, поопраавдано е наместо да се градат патишта во Македонија, да се потрошат во промоција преку Агенцијата за привлекување на странски инвестиции. Јас навистина крајно сум разочаран од таков индолентен однос кон парите на граѓаните на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има госпѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседател.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер за финансии,

Да не земам два пати збор на самиот почеток почитуван претседателе ќе упатам една процедурална заблешка. Неколку пати колегите пратеници укажуваат дека не е добро за време на пленарата седница да се одржуваат и комисиите. Јас имам разбирање дека Собранието работи секојдневно и навистина е многу тешко да се усогласиме кога ќе ги одржуваме комисиите. Но денес еве скоро до 13,00 часот почнувајќи од 10,30 часот расправаше Комисијата за избори и менување по еден како што реков итно свикан состанок на кој што требаше да се изберат, односно на Собранието да му се предложат три членови на Судскиот совет. Но, околу тоа кога ќе дојде тоа на пленарна седница ќе зборуваме.

Би ве замолила да се усогласите со претседателите на комисиите во исто време да немаме и комисии и пленарна седница, или доколку може не како порано да почнуваат или подоцна, затоа што само од таа комисија тројца членови не можеа да го искажат своето мислење во однос на Буџетот. Значи јас и двајца колеги што го претставуваат парламентарното мнозинство, господинот Илија Китановски и господинот Горан Мисовски бевме ускратени да можеме да го кажеме своето мислење по Буџетот и сега ќе мораме да дебатираме по амандманите.

И овој пат сосема накратко ќе зборувам, затоа што имав намера сосема кратко да го искажам моето мислење и ставовите околу Буџетот, за да не биде повторно дека опозицијата е кочничар на реформите, и овој пат исто да биде претставено дека опозицијата е таа која што го кочи донесувањето на ребалансот и со тоа нема да може да им се зголемат платите на вработените според она што го вети премиерот на Република Македонија да биде од 1 октомври, но за жал, ние почнавме со разгледување на Буџетот на самиот ден на 1 октомври.

Конкретно за амандманот, почитувани колеги навистина не знам и не можам да ги разберам, особено колегите кои што секојдневно патуваат до своите места на живеење, дали не забележуваат во каква состојба се наоѓаат патиштата во Македонија.

Со оглед дека министерот го одби овој амандман, апелирам до нив, значи до сите пратеници во Парламентот, а најмногу до оние кои секојдневно патуваат да сериозно се замислат пред да го притиснат копчето за или против. Не поради тоа што ние патуваме, туку поради тоа што по тие патишта патуваат илјадници граѓани на Република Македонија. Во каква состојба се наоѓа патниот правец од Градско до Прилеп, не треба да говорам еднаш, два пати, три пати овде. Секому е јасно, кој барем еднаш поминал по тој пат.

За жртвите што тој пат секоја година ги зема и за бројот на оние кои остануваат доживотно неспособни за работа, после сообраќајните незгоди што се случуваат на тој пат, добро говорат статистичките податоци. Нема овде да ги изнесувам иако ги имам пред мене, се со една единствена цел, како што реков, да не бидат кочничар на реформите со моите долги дискусии, како што ќе рече господинот Павле Трајанов во неговите обраќања, односно додворување до Владата на премиерот Груевски.

Ве замолувам колеги пратеници да дадете поддршка на овој амандман, затоа што сите ќе се согласите дека е многу поважно да патиштата во Република Македонија се наоѓаат во подобра состојба. Дури и во Агенцијата за привлекување на странски инвестиции од каде што треба да се земат овие пари, сметам дека и е многу поважно и дека многу поголем бенефит Република Македонија ќе има во привлекување на странски инвестиции доколку има подобра инфраструктура.

Рекламирањето, точно е дека оваа Влада се раководи од тоа маркетинг - маркетинг. Маркетинг е нешто најважно што треба да се прави. Но, странските инвеститори не гледаат така. Да, важен е и маркетингот. Но кога ќе дојде до оваде, сакаат да ја погледнат ситуацијата што ја имаме во Република Македонија. Сакаат да го видат функционирањето на правната држава. Сакаат да ја видат ефикасноста на администрацијата. Не сакаат да се случуваат со бирократските проблеми, а богами, многу важно им е да видат во каква ситуација се наоѓа инфораструктурата.

Ако не мислите на своите граѓани кои секојдневно патуваат по овие патишта, тогаш еве, размислете добро за она мото зад кое постојано, во изминатава година дена се крие Владата на Република Македонија, дека целокупната нејзина енергија е насочена за привлекување на странските инвестиции. Или, можеби мислите дека на граѓаните на Република Македонија не им се подобри подобри патишта, затоа што да бидам искрена тие се помалку патуваат.

Поминете неколку пати на патниот правец Прилеп-Скопје, па ќе видите колку возила со прилепски регистрации ќе сретнете во последната година дена на тој патен правец. Многу малку почитувани пратеници. Прилеп е веќе тотално мртов град. Луѓето се плашат да ги запалат своите возила и да дојдат во Скопје, Велес или Кавадарци, да завршат некоја работа. Се помал е бројот, да и јас со своите патувања ја водам таа евиденција, се помалку возила, говорам во овој момент, со прилепска регистрација, за среќа на Република Македонија, малку е поинаква ситуацијата со граѓаните кои живеат во Срумица и Штип. Такви возила повеќе се среќаваат на патиштата. Но, од овој регион, возилата ги нема. Зошто? Затоа што, како што реков, Прилеп апсолутно во последниве години, од ден на ден има се полоша и се покатастрофална ситуација.

Треба ли сега да говорам за тоа во каква ситуација се наоѓаат тутунопроизводителите, во каква ситуација се наоѓаат стечајните работници и сите други, дури и оние кои се вработени. За тоа во името на граѓаните на Република Македонија, а во името и на привлекување на странски инвестиции, ве молам, почитувани колеги

пратеници, да дадете поддршка на овој амандман, затоа што барем колку толку со овие средства ќе може да биде вложено во поправка и одржување на патиштата во Република Македонија. А, по некаде и да се изгрди по некој километар нов пат. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓа Динеска Катерина се јави за реплика.

Ќе ми дозволите само кратко објаснување да дадам на процедуралната ваша интервенција.

Има координација, се договараме, но сите знаеме колку е ужасно оптоварена Агендата на Парламентот овие денови. Се обидов да изменаџирам нешто, не почнавме точно во 11,00 часот. Комисијата започна во 10,30 часот, се надевам точно. Се обидов да изменаџирам со вчера пријавените луѓе така што, мислејќи, додека тие говорат ете половина час, тука е Филипова, тука е Марјанчо, тука е госпоѓа Бендевска, се обидов да се изменаџира така да некако заврши.

Меѓутоа, од една страна мала беше разликата меѓу 10,30 и 11,00 часот,а од друга страна малку и подолга излезе седницата на Комисијата. Така што такви работи ќе се случуваат.

Во секој случај, вие сепак си ја добивте шансата да си искажете. Јас разбирам, застанав, беа двајца кои беа членови на Комисијата и кои не можеа да добијат шанса. Се обидовме да се оддолжи, почнавме дури во 11,25 часот да ја продолжиме работата за да некако биде се праведно. Но се извинувам. Толку можевме.

Повелете госпоѓо Димеска вашата реплика, вашите три минути, па после тоа ќе одиме веројатно со одговорот на госпоѓа Топузова и ќе дадеме пауза.

**Катица Динеска:** Благодарам почитуван претседателе.

Јас би сакала всушност да направам едно надополнување на она што претходно беше кажано од почитуваната госпоѓа Топузовска.

Имено, што се однесува на нејзината констатација дека на патната делница од Прилеп према Скопје во последно време многу малку се движат возила, јас баш мислам спротивното, затоа што овој патен правец го поминувам два пати, еднаш во претпладневните часови, а после тоа во попладневните часови.

И уште една друга работа сакам да надополнувам, значи, што се однесува до оваа патна делница дека не е заборавена од Владата да ја потсетам почитуваната колешка дека во претходниот ребаланс јасно кажавме дека Владата прави чекори за оваа патна делница, дека одделени се средства на доизградба на 5 километри на оваа патна делница од Плетвар према Росоман.

Така да, согласно можностите во понатамошниот период, овој патен правец ќе го добие оној изглед кој го заслужува,

И она што е рак рана на сите нас, вклучувајќи ја тука и нејзе како прилепчанка, мислам дека во наредниот период ќе биде подобрено. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпого Топузова Каревска вашиот одговор за една минута.

**Раза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Добро е што колешката од кога си ги вработи сите поблиски и подалечни роднини од Прилеп, почна да размислува и за патниот правец.

Но не е така колешке. За жал се помалку се возилата со прилепска регистрација. А и двата милиони кои што ги доделивте со ребалансот, ако веќе знаете и колку се доделени, апсолутно се само залажување на граѓаните од тој дел на Македонија Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Пауза за ручек до 14,30 часот.

Повелете господине Киров.

(Пратеникот Киров бара да зборува).

Па после пауза. Имате три минути.

А. ке завршите? Ајде повелете, повелете не претпоставував. Повелете. Повелете. Повелете. Повелете ако е за две минути.

Бидете љубезни колеги, јас не претпоставувам дека се две минути.

**Ацо Киров:** Јас ќе се обидам да бидам краток, односно да го кажам мојот став по овој амандман што е поднесен од пратеничката Група на социјалдемократскиот сојуз и моето видување односно околу тоа дали треба да се одделат средства за изградба или доградба на регионални или магистрални патишта, имав потреба да се јавам, иако повеќе мои колеги расправаа, дискутираа по овој амандман, бидејќи со минатогодишниот буџет, со ребалансот пред два месеци имав поднесено неколку амандмани точно околу регионалните и магистрални патишта.

Пред се, би сакал да му пренесам на министерот Трајко Славески, тој знае, ние пратениците од СДС и од опозицијата имаме поднесувано амандмани за изградба и доградба на регионални и магистрални патишта. Пред се, овде би сакал да ги спомнам бидејќи на два наврати имам поднесувано амандмани и треба да се обрне внимание, почитуван министре Трајко Славески, на обиколницата на Дојран, како второ туристичко место во Република Македонија, каде има потреба од градење на една обиколница во должина од 10 километри.

Мислам дека за Буџетот за 2007 година кога расправавме и кога беше поднесен амандманот, беше поддржан и од дел на пратениците од позицијата. Тогаш беше кажано дека ќе се обрне внимание и ќе се размисли за 2007 година да се одделат средства за овој патен правец. Конкретно и минатиот пат, за што исто така два пати имам поднесено амандман за патниот правец кон Николиќ, каде имаме странски инвеститор. Има фабрика со годишен обрт од 50 милиони евра, а патот е во катастрофална ситуација, бидејќи има

потреба од проширување на овој патен правец. Можеби овде ќе бидат потребни многу малку средства.

Да не должам, мислам да не биде оправдување дека опозицијата односно СДС се противи на овој ребаланс, како што сака позицијата и како што таа милува да каже дека сме против, не сме против. Не сме против парите што се определуваат да бидат наменски односно утре да бидат за доброто на Македонија, а не да ги одделуваме за реклами, за музеи на ВМРО ДПМНЕ итн. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Киров и за говорот и за точноста.

Го заклучувам претресот по овој амандман.

Давам пауза за ручек до 14,30 часот.

**Иван Анастасовски:** Почитувани колеги,

Бидејќи има координација со шефовите на пратеничките групи објавувам пауза до 15,30 часот. Ви благодарам.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,36 часот)

Би ги замолил службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 пратеника во салата, вкупно гласале 60, за гласале 3, нема воздржано, 57 гласале против.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 Програма Б потпрограма Б1 ставка 432 и раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 464 и на член 10 категорија 74 ставка 741 и на категорија 74 ставка 743, поднесен од пратениците Благој Зашов, Горан Мисовски и Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Не се прифаќа амандманот.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник, господин Митаноски Веле, повелете.

**Веле Митаноски:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги, министер Славески.

Во надеж дека брзо ќе биде ставен на расправа и со мнозинство усвоен предложениот закон на НСДП, популарно наречен закон за стечајци, ние од пратеничката група на НСДП амандманот го поднесовме заради навремено предвидување на средства во Буџетот за исплата на надоместок во случај на невработеност за стечајците, чии претставници повеќе од шест месеци протестираат или живеат во паркот пред Собранието на Република Македонија на очиглед и на жалост на сите нас.

Имено, во собраниската процедура како дваесет и четврта точка на дневниот ред на Шеесет и деветтата седница на Собранието, се наоѓа Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, што како што кажав го поднесе пратеничката група на НСДП.

Се надеваме дека овој Предлог на закон набрзо ќе биде разгледан и усвоен како што јас се понадевав со мнозинство гласови на сите партии застапени во Парламентот.

Веднаш да кажам дека за проблемот на оваа категорија на стечајци многу дискутиравме и верувам ќе продолжиме да дискутираме се додека не се најде соодветно решение. Една од солуциите е, таа да се реши со усвојување на споменатиот Предлог закон. Тој закон требаше да се усвои одамна, во секој случај пред ребалансот на Буџетот што е на дневен ред денеска. Во изменетата ситуација кога ребалансот се стави на дневен ред, сега пред да се разгледа Предлог законот за стечајците, мораме да интервенираме и на овој начин, со амандман како би можело да се обезбедат средства во Буџетот заедно со обезбедувањето средства и за покачување на платите.

Во општата расправа зборував пошироко. Сега ќе споменам само дека во утврдувањето на висината на средствата појдовме од една пресметка направена според податоци собрани во нашата пратеничка група и во НСДП и со припомош на самите стечајци. Нашиот предлог е да се обезбедат 90 милиони денари со кои ќе бидат покриени надоместоците за невработените, согласно Предлог законот што ние го предлагаме.

Според нашите сознанија станува збор за шест илјади лица кои би добивале по пет илјади денари месечно до крајот на 2007. Од овој Буџет за идната година треба да се планираат средства во Буџетот за догодина. Да споменам дека точниот број на невработени, според овој закон и висината на износот на надоместокот ќе бидат утврдени врз база на податоци што пратеничката група сеуште ги очекува од Агенцијата за вработување.

Дозволете да искажам надеж дека брзо ќе дојде законот на дневен ред и дека сите пратеници ќе имаат чувство на солидарност. Еден од темелните принципи на НСДП со овие наши граѓани кои без своја вина останаа онаму каде што се поради приватизацијата која направи ненадомесливи штети на нашата земја. Ви благодарам и ја очекувам вашата поддршка.

**Иван Анастасовски:** Дали има некој за реплики? (Нема).

Има збор пратеник господин Герамитчиоски Тале, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван господине потпретседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници.

Се јавив за збор по однос на овој амандман превземајќи една морална обврска која што ми ја дадоа стечајните работници изминатиов викенд при една средба во Прилеп. Значи ова е еден повод по кој што треба јасно и гласно Владата да заземе став и да се прекина оваа навистина непријатна состојба со еден дел на населението кое што седум месеци живее под невообичаени услови за живот кое што не би му посакале на никого.

Почитуван министер, играјки си со чувствата на таа група на луѓе, значи во кулуарите проструи вест дека некој, или од името на Владата, бидејки станувaше збор за лице кое што е во раководниот орган на тоа нивно здружение им ветил дека Владата амандмански ќе интервенира за да се реши нивниот проблем, нивните барања. Јас и во општата расправа тоа ви го спомнав. Значи тоа не го измислил Тале Герамитчиоски, тоа го кажаа на нивнатѕа официјална средба со што за жал јас на нивните лица видов дека повторно се подгрева надежта. Би требало да ја земете одговорнсота во свои раце и јасно и гласно да им кажете на тие луѓе, дали бива работата, или не. Вака повеќе не можат да продолжат, бидејки ќе ескалираат состојбите , ќе се јават и немили настани, но и здравјето и животот им е во опасност. Оваа ситуација трае предолго, предолго трае молкот на Владата. Ова е прилика во која што не би сакал да се стекнуваат политички поени. Јас и на јавната средба со нив кажав дека не мислам дека тие биле гласачи на СДСМ. Но, еве од аспект, значи од хуман аспект треба да се каже дека вака повеќе не бидува.

Амандманот не е поднесен од наша страна, бидејки неколку пати во неколку наврати СДСМ јасно оваа пратеничка група стави до знаење и преку давање на Предлогот на законот, или другите решенија да бидат ставенина дневен ред, па во повеќе наврати бевме надгласувани од парламентарното мнозинство. Значи, јасен е нашиот став, ние даваме подршка да се реши проблемот на таа група на луѓе. Ако сега завлегуваме во минатото кој почнал, како почнал, по чија вина се затвориле фабриките, како таа групација стекнале статус на стечајни работници.

Дали ве интересира ова, или не? Ако ве интересира да продолжам. Барем да се даде елементарна почит спрема тие луѓе кои што не слушаат и не гледаат.

**Иван Анастасовски:** Колеги, ако може да се сослушаме.

**Тале Герамитчиоски:** Може ли госпдоне министер, бидејки вие сте официјален претставник и вие можете, значи мојата молба е до вас. Од нивно име јас настапив на оваа говорница, не значи политички поени да стекнувам. Ја преземав обврската да ве замолам од нивно име да се каже јасно и гласно ќе може ли тоа да се заврши, или не може тоа да се заврши? Бидејки 7-те месеци се предолги, ќе има уште 7 месеци. Колегата Зашов, или пратеничката група на НСДП направиле напори и даваа некоја подршка и со овој амандман направиле обид да одделат одреден дел на средства. Ние како пратеничка група на СДСМ ја подржуваме таа идеа. Значи, даваме, се придружуваме на тој амандман, даваме подршка на обидот за да се разреши до некаде лошат асостојба во која што се наоѓа оваа групација, овој дел на населението. Тие во неколку наврати излегоа со свои аргументи зошто има потреба да се реши до некаде нивниот статус. Јас не слушнав официјален став од Владата, а има многу неофицијални ставови. Затоа се јавувам на оваа говорница да ве прашам дали ќе искажете став, или ќе се премолчи тоа. Со самото одбивање на амандманот има одреден став. Но, не мора да значи дека во овој момент тој став е дециден. Ако имате овластувања, или некоја позиција како член на Владата да кажете дали ќе се реши, или нема да се реши нивниот статус, нивниот проблем и дали ако вие немате став, пратениците од мнозинството ќе се придружат на НСДП, на СДСМ, на ЛДП и на сите оние кои што сакаат да го разрешат овој проблем. Бидејки како што ви кажав и при општиот претрес на ребалансот на Буџетот околу 40% од Буџетот е за социјални трансфери. Мора да се изнајде начин, механизам. Во неколку наврати настапивте индирекно со некои полурешенија дека ќе се решава статусот на овие луѓе со вработување, или со преквалификација. Тие немаат некои илузии дека со онаа возраст која што ја имаат дека некој на доброволна основа, или барем и со некои стимулации ќе ги земе на работа. Тие бараат некој достоинствен начин да преживеат во овие услови на енеормно зголемување на цените и сите трошоци за живот. Значи, јас завршувам со тоа што ве повикувам да го дадете вашиот став. До колку го немате ставот на Владата, го повикувам парламентарното мнозинство да се придружат кон нас и да го изгласаат овој амандман.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеник госпоѓа Роза Топузова-Каревска, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за финансии, нависитна на оваа тема многу време се дебатираше, во многу наврати и беа искажани различни ставови и мислења од припадници на различни политички партии и опции.

Јас би сакала со денешната дискусија да дадам подршка на овој амандман од почитуваниот колега Благој Зашов. И навистина можеби некој од вас ќе си го постави прашањето зошто и овој пат опозицијата не поднесе еденваков амандман. Не, почитувани колеги пратеници, затоа што заборавивме на овие луѓе, а и не можеме да заборавиме ако секојдневно во изминативе 7 месеци ги гледаме како очајнички седат во паркот пред Парламентот и нивните погледи се вперени во највисокиот законодавен дом, очекувајки го решението кое што ние овде ќе го донесеме, или нема да го донесеме за нивната судбина. Како што рече колегата Тале Герамитчиоски нема да говорам за тоа што било, како било, кога било,

како почнало, како се одвивала приватизацијата,како тие луѓе дојдоа во оваа ситуација во која што се наоѓаат, што се направи во изминатиот состав на Парламентот и што сега се случува. Со оглед дека министерот не го прифати амандманот, не ми останува ништо друго освен да се обратам до пратениците од парламентарното мнозинство. Недвосмислено е дека веќе НСДП дава подршка на овој амандман, претставниците од ВМРО-Народна партија сега независни кандидати веќе имаа еден предлог на ваков закон, па ја очекувам и нивната подршка во овој момент, а очекувам подршка и од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА.

Почитувани колеги пратеници, мислам дека не се потребни многу зборови.

Јас почитуван потпретседателе ќе почекам да се заврши со дискусијата меѓусебна од пратеничките, поготово што една од нив се прокламира како голем заложник за време на изборната кампања.

(Аплауз)

Ова можам да го сватам како поддршка на мојата дискусија. Значи, иако не ме слушаше почитуваната колешка која што многу им ветуваше на стечајните работници во минатото, се надевам дека преку гласање ќе ја даде својата подршка.

Ве молам потпретседателе, зборуваме за многу сериозна тема.

**Иван Анастасовски:** Апсолутно јас не гледам дека некој го нарушува редот во Собранието.

**Роза Топузова-Каревска:** Се извинувам потпретседателе, ве почитувам и респектирам како вие ги водите седниците.

**Иван Анастасовски:** Ве молам, да се сослушаме, иако да бидам искрен не забележав дека некој го ремети редот.

**Роза Топузова-Каревска:** Како не забележувате кога столчињата се тука за да седат пратениците на нив, а не за да се качуваат и да зборуваат преку редови. Тоа е нашиот сериозен пристап кон темата штоја дебатираме, но секој си одговара за своите постапки, а граѓаните ќе го кажат своето на следните избори.

Значи, да продолжам. Сведоци сме за повеќе месечното упорно настојување на овие работници да се реши нивниот статус, сведоци сме дека нивната голгота трае предолго, сведоци сме на тоа дека поминаја во многу лоши услови на температура над 40 степени, очекувајќи дека ние тука во Парламентот или можеби Владата ќе покаже малку повеќе разбирање за нивната ситуација. За нивниот живот и со она што тие се соочувале, нема денеска да говорам од оваа говорница, се со една единствена цел да не ги злоупотребам нивните напори, нивните страдања, туку сакам да кажам зошто сум убедена дека овој пат парламентарното мнозинство ќе даде подршка.

Како што кажав на почетокот, значи амандманот е поднесен од пратеник од Новата социјал демократска партија, и очекувам дека сите пратеници од Новата социјал демократска партија ќе дадат подршка. Реков дека не го поднесовме пратениците од опозицијата, токму поради тоа да не се смета дека е некој популистички потег или дека сакаме да им наштетиме на овие луѓе, а ние да добиваме политички поени. Токму поради тоа се воздржавме се со единствена цел да им помогнеме. Очекувам подршка од нив.

Очекувам подршка од пратениците кои сега се независни, а припаѓаат на ВМРО-Народна, затоа штоиамаа ист ваков закон поднесено. Очекувам подршка, како што слушнав од Социјал демократскито сојуз, еве и од Либерално демократската партија, а очекувам подршка и од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ.

Врз што го темелам ова почитуван коелга? Го темелам ова врз еден заклучок што  неколку пати го покажувам овде, а можам да го доставм и до медиумите, во кој се вели дека на 16.03.2006 година донесен:

1.Советот на општина Прилеп го подржува барањето на Здружениеот на работници со над 25 години стаж со нерегулиран статус, огранок Прилеп, во насока на остварување на нивните барања.

2.Заклучоците да се доставаат до градоначалникот на општина Прилеп, Владата на Република Македонија, министерот за труд исоцијална политика и Архивот на општина Прилеп.

Потпишан претседател на Советот на општина Прилеп, тогаш претседател господин Оливер Деркоски, сега пратеник на ВМРО-ДПМНЕ.

Почитувнаи колеги, верувам дека го почитувате она што ќе го донесете од една позиција, дека го почитувате вашиот колега и дека ќе дадете поддршка на овој амандман. Во спротивно, не само што ќе докажете дека не го почитувате она што еднаш сте го кажале, односно различно се однесувате кога сте во опозиција, ова требало да биде доставено донекоја друга влада и да се напаѓа дека не сака да ги реши проблемите, а различно се однесувате кога ќе бидете дел од парламентарното мнозинство, односно од власта и кога ја имате одговорнсота за водење на државата.

Ова ми дава за право да верувам дека, ако не го почитувате кажаното и не го почитувате она што еднаш веќе сте го донеле, барем малку да се почитувате меѓусебно и токму поради тоа , она што го потпишал еден ваш пратеник, сега вие ќе имате доволно доблст да го пдоржите.

Повеќе нема да одземам од времето. Благодарам на пратениците кои ја слушаа мојава дискусија, затоа што со оваа деискусија немав намера ниту да правамнекој популизам и собирам политички поени, единствено имав желба да ги разубедам пратениците од парламентарното мнозинство да дадат поддршка овој амандман да биде усвоен за да имаме добра основа кога ќе биде донесен законот што е во собраниска процедура, а доставен од НСДП, да има и финансиска поткрепа

да законот почне со својата имплементација. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам потпретседателе.

Би сакал исто така да ја изразам својата подршка поовој амандман и ова прашање е едно од прашањата или причините поради кои што предложениот ребаланс на Буџетот, навистина го доведува до прашање, бидејки Владата не покажува слух или волја и после 7 месеци штрајк или протест на стечајните работници пред Собранието на Република Македонија да излезе со решение со кое што ќе им обезбеди паричен надоместок на оваа категорија на работници.

Во Собранието, неколку пати расправавме за ова прашање и неколку пати владеачкото мнозинство ги одби решенијата. Навистина не е сфатливо кои се причините за вакво нешто. Ако Владата веќе се решила, со својата политика да презема популистички методи, да одобрува на граѓаните средства преку кои ќе може да користат одредени привилегии, зошто за овие најзагрозени категории на граѓани нема предвиденос редства во Буџетот.

Покрај стечајните работници, тука се и луѓето кои примаат социјална помош од државата. Навистина не е разбирливо зошто Владата, кога веќе решила да тера популизам, не ги опфаќа и овие категории на граѓани?

Го поздравувам предлогот на НСДП иако мислам дека пред се е една алиби ситуација и дека треба внатре, во коалицијата да се изборат и да им помине законот и да се предвидат средства во Буџетот за да се исплаќаат овие работници.

Вака, повторно ќе имаме една ситуација во која ние пробавме, но меѓутоа, знаете, внатре во колаицијата, немавме поддршка. Поддршката ја имаат од опозиционите партии, но мислам дека поголем труд и поголема упорност треба да влозат внатре, во коалицијата, ако сакаат ова прашање да се реши.

Ниту ВМРО-ДПМНЕ може да бега од ова прашање иако официјално немаат ветено дека ќе го решат овој проблем, неофицијално во текот на предизборната кампања нивните кандидати и за пратеници и за претседатели на општинските комитети и имаат ветувано дека ако ја добијат подршката ќе гледаат да го решат проблемот. И после седум месеци немаме решение за овој проблем. Се надевам дека конечно и со овој амандман ќе се собере доволен број на гласови амандманот да се изгласа, а се надевам дека исто така на дневен ред во Собранието за брзо време ќе дојде и законот за решавање на проблемот на стечајните работници. Во спротивно мислам дека секој од нас ќе чувствува вина или одговорност зошто не сме го решиле ова прашање. Ако можеме големи средства, пари на граѓаните, да трошиме за кампањи, за промоција, да трошиме за непродуктивни расходи, навистина не е јасно зошто не може да се обезбедат овие средства да се исплатат стечајние работници. Велес е еден од градовите каде што има најголем број стечајни работници и апелирам до сите колеги да го подржат амандманот, да помогнеме за решавање на ова прашање. Мислам дека темата е толку неактуелна и дека никој не може да собере многу политички поени за ова прашање, но проблемот на овие граѓани е многу голем и тие се чуствуваат измамени од државата и од системот затоа што се жртви на транзицијата и не успеале да се снајдат во ова време, делумно поради тоа што биле затекнати на одредена возраст кога никој повеќе не сака да ги ангажира за одредени задачи, ниту Владата може со активни мерки за вработување да им го реши прашањето, затоа што едноставно во Македонија нема услови такви за развивање на таков бизнис.

Затоа, апелирам до сите колеги да гласаат, да го подржат амандманот и да се симне од дневен ред едно големо прашање, еден голем проблем и за овие граѓани и за нас како пратеници. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник господин Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Еве и јас се јавив да дадам подршка на овој амандман поднесен од НСДП и моето видување на овој амандман и средствата кои ги бараат колегите пратеници од НСДП се едно привремено решение за оваа година за стечајните работници кои овде се 7-8 месеци пред Собранието и си ги бараат своите права, односно да бидат згрижени до пензија или до некое следно вработување.

Јас немам точни бројки, но мислам дека се работи за околу 90 милиони денари или околу 1,5 милиони евра кои се однесуваат за оваа година, со што прашањето ќе се реши само привремено.

Се јавив за збор повеќе за да дадам подршка за овој амандман и би сугерирал до колегите пратеници од НСДП - денес кога дискутираше пред паузата пратеникот Веле Митановски имав намера да се јавам за реплика, но сепак во последен момент се откажав, но сега ќе ја искористам приликата и ќе кажам што сакав да кажам.

Почитувани колеги пратеници од НСДП, за овој амандман министерот Славески кажа дека не се прифаќа ова според мене привремено решение за привремено решавање на проблемите на стечајните работници и паѓа во вода. Но, би сакал да кажам дека веќе имавме и расправавме по предлог закон за стечајни работници кој не се усвои, иако беше подржан од еден дел од позицијата, но сепак ставот на Владата беше да не се подржи и не помина. Сега повторно на една од прекинатите седници на Собранието, не се сеќавам точно на која, е ставен овој предлог закон за решавање на прашањето на стечајните работници како точка 24. Самото поставување како точка 24 на овој предлог закон значи дека Владата односно парламентарното мнозинство нема да го прифати овој предлог закон. Зошто го

кажувам ова? Тоа го кажувам бидејќи сме овде една година како опозиција и сфативме и јасно е како ден дека тоа што не сака да помине Владата на Република Македонија, секогаш се става како точка 25, 26 итн. Знаеме дека имаме неколку предлог закони поднесени од опозицијата - колеги од НСДП, и нашите предлог закони што ги имаме поднесено како СДСМ се на 24, 25, 26 место. Самото тоа поставување на точките како точка 24, значи дека тешко ќе се реши.

Овде сега зборуваме за амандман кој е поднесен од колегите пратеници. Ние од НСДП и пред тоа кога имаше предлог закон го подржавме овој закон, сега го подржуваме и овој амандман. Ќе го подржиме и предлог законот кој е точка 24 ако дојде на ред, а мое мислење е дека во 2007 година нема да дојде, но би сугерирал, а тоа сакав да му го кажам предмалку на колегата Веле Митановски и сега ќе ја искористам говорницата да кажам дека решавањето на проблемот или статусот на стечајните работници тешко ќе го решиме во оваа сала. Затоа ви препорачувам, вие сте коалиција со ВМРО-ДПМНЕ и ДПА па мислам дека надвор од оваа сала може да се седне, може да се разговара со премиерот Груевски или ВМРО-ДПМНЕ, па да дојде овој предлог закон како усогласен пред тоа и да го изгласаме заедно со вас, односно да го изгласа и позицијата и опозицијата. Инаку, на овој начин, како што беше и претходниот закон и овој што треба да дојде според мене на ред во јануари, февруари тешко може да помине ако претходно не се усогласени ставовите, односно ако не дојде до договор меѓу парламентарното мнозинство, односно вашите коалициони партнери и останатите, а пред се мислам на ДПА кои се во парламентарното мнозинство.

Еве, се јавив накратко да кажам дека давам подршка на овој амандман, но и предлогот на законот што го спомнав ако дојде на ред исто така ќе дадам подршка. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник господин Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Колеги пратеници, почитуван министер,

Да кажам неколку зборови накратко околу овој амандман за кој често пати до сега во текот на овој мандат, посебно во овие 7 месеци откако стечајните работници се наоѓаат пред Собранието на Република Македонија разговараме на оваа тема, поднесувавме барања, предлагавме измени на закони, амандмани, оделни измени на закони итн, меѓутоа, тема за која Владата не најде за потребно дека треба да се реши, да се затвори. Веројатно заради тоа што мислат дека многу маклу се нанесува штета на рејтингот на Груевски и на Владата ако на ваков мирен протест, сами оставени на себеси, седат 7 месеци, можеби уште повеќе, пред Собранието на Република Македонија.

Зошто овој амандман заслужува подршка? Заради тоа што ако еден од аргументите на Владата на Република Македонија при измени на сите досегашни предлози на закони кои би го решиле проблемот на стечајните работници беше дека немаме доволно финансиски средства со кои ќе може да се реализира тој проект на решавање на статусот на стечајните работници, мислам дека сега токму е време и мислам дека е добро што во моментот кога и законот се наоѓа во собраниска процедура, поднесен од страна на НСДП, се уште не е стигнат на дневен ред пред Собранието на Република Македонија, ќе можеме да обезбедиме финансиски средства врз основа на кој ќе се реши овој проблем. Со прифаќањето на овој амандман од страна на Владата ќе се покажеше добра волја и определба дека овој проблем заслужува внимание, дека овој проблем е некаде во агендата на Груевски за решавање на статусот на овие стечајни работници кои постојано беа злоупотребувани во изминатиот период и во изборни кампањи и во разни други проекти кои во тоа време беа спроведувани или како самите велат, дел од стечајните работници биле дел од проектот наречен “Глас на светлината” кој што и те како се спроведуваше во Република Македонија во еден период кога ВМРО-ДПМНЕ беше во опозиција.

Во однос на подршката од СДСМ, таа е недвосмислено јасна, искажана неколку пати од оваа собраниска говорница и надвор од Собранието преку прес конференции, дека за сите законски проекти и секој амандман кој ќе биде поднесен ќе биде подржан се со цел да го решиме овој проблем на оваа категорија на луѓе, без при тоа премногу ги политизираме работите, заради тоа што нивната состојба, состојбата на нивните семејства, неповолната позиција во која што се наоѓаат мислам дека не ни дава за право да мислиме на еден поинаков начин од она што е сега. Често пати при поднесување на амандмани на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност од пратеничката група на СДСМ, еднаш исто така од НСДП, неколку амандмани или предлог на закон кој што беше поднесен од СДСМ, се расправаше во Собранието на Република Македонија, но при тоа не се подржаа овие законски проекти, за да им биде укажано на стечајните работници дека не е моментот сега, овие предлози ги предложи опозицијата од СДСМ итн. Мислам дека договорот кој што е направен со луѓето од Одборот на стечајни работници да не поднесуваме амандмани и барања ние од опозицијата за да не се сфаќа дека тоа е проект на некоја партија што е во опозиција, тоа го препуштивме да го расправаат партиите од власт. Таков товар си зема најмногу НСДП, која што впрочем и се залагаше за решавање на статусот на овие стечајни работници како еден од главните приоритети во предизборната кампања. Тоа го покажаа и со писмо кое што беше упатено од лидерот на НСДП Тито Петковски до стечајните работници и овие предлози кои што сега се поднесуваат до Собранието ги сфаќам исклучиво

во функција на решавањето на тој проблем, а и остварување на едно од предизборните ветувања на НСДП, заради тоа што впрочем и тие луѓе кои што водеа разговори во тоа време и сите заложби кои се истакнуваа очекуваат да бидат реализирани.

Навистина би сакал да се убедам дека денес на оваа седница, иако мислам дека нема некаква согласност во координација со другите парламентарни партии од мнозинството, пред се со ВМРО-ДПМНЕ, заради тоа што ако имаше став со кој оваа иницијатива на НСДП ќе биде поддржана, тоа ќе беше преточено во позитивен став од страна на Владата за прифаќање на овој амандман или ако овој проект се прифаќа, а амандманот не е во функција на решавање, очекував дека министерот ќе каже дека имамем доволно средства во таа и таа ставка со кои ќе ги реши проблемите на стечајните работници. Искрено очекувам, веројатно синоќа на средбата која ја имал Петковски со Груевски во Владата дека една од точките за дискусија била покрај Судскиот совет кој што е договорен да биде решен и проблемот на стечајните работници. Мислам дека со таквиот договор денес на оваа седница, усогласен, за овој амандман ќе се покаже дека навистина и НСДП, меѓутоа и другите коалициони партнери во власта, пред се ДОМ и другите кај кои како еден од приоритетите во предизборната кампања беше решавањето на статутот на стечајните работници, ќе направат максимум во смисла на договарање на Груевски и ВМРО-ДПМНЕ и конечно ќе се виде резултат од работите кои ги договарале во функција за решавање на проблемот на стечајните работници.

Сакам искрено да ве повикам, бидејќи ова веќе не е предлог на опозицијата за кој ќе можете да приговорите дека заради тоа што е предлог на СДСМ нема да го поддржиме. Ова е предлог од страна на парламентарна партија која е дел од парламентарното мнозинство, дајте да го поддржиме овој амандман заради тоа што имаме обврска пред се да покажеме дека сме одговорни за граѓаните и за решавање на нивните проблеми, ако може со ребалансот на Буџетот да оделиме средства за се и сешто за помагање на јавните претпријатија од енергетиката итн, тогаш имаме ние како Собрание најголемо право и посебна одговорност да усвоиме еден амандман со кој ќе решиме еден траен проблем на една групација во Република Македонија кои се во незавидна позиција, не само тие, туку и нивните семејства. Заради тоа сметам дека со подршката за овој амандман ќе покажеме конечно добра волја за решавање на овој проблем, а со тоа ќе упатиме и директен сигнал до сите стечајни работници кои се овде пред Собранието на Република Македонија веќе неколку месеци и сите стечајни работници кои се во своите домови во Република Македонија дека е постигната конечна согласност за прифаќање на законот кој што е предложен и е веќе во собраниска процедура. Доколку не, ќе покажеме нешто сосема друго, ќе се покаже дека дел од коалиционите партнери во Владата ги задоволуваат само личните интереси, работат некоја сопствена агенда, а не реализација на сопствените изборни ветувања, заради тоа што навистина немаат капацитет да се изборат со ВМРО-ДПМНЕ во делот на остварувањето на нивните заложби и права.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Спасовски.

Реплика има госпоѓа Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Всушност и не се обраќам директно на пратеникот Оливер Спасовски, но ќе ја искористам приликата за реплика бидејќи неколку пати, неколку пратеници прозиваат други пратенички групи и еве и нас како независни пратеници. Сакам да кажам дека ние и натаму сметаме дека овој проблем треба да се реши, ќе го подржиме овој амандман, но мислам дека има еден податок кој неточно беше презентиран од неколку пратеници и сакам да ја направам таа испавка.

Стечајните работници и здруженијата различните на стечајните работници со кои јас комуницирам не се задоволни од решението кое во моментот го нуди НСДП, барем поголем дел од нив и сметаат дека во суштина тој закон нема да им го реши проблемот, па затоа сметам дека понатаму тој проблем ќе биде отворен, ниту пак дека и мнозинството ќе го прифати законот така како што е поднесен, затоа што имам податоци дека и мнозинството комуницира со стечајните работници. Како и да е, не е тоа тема на дневниот ред. Искрено се надевам дека Владата ќе изнајде начини што е можно побрзо да го реши овој проблем и повторувам  дека ние двe ќе гласаме за овој амандман. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Јаневска.

Контра реплика има господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Навистина, ако говориме за законот кој што е поднесен од страна на пратеничката група на НСДП, кој што е во собраниска порцедура има забелешки од страна на стечајните работници, имам и јас свои лични забелешки во смисла на ефектите кои што ќе се постигнат со овој закон. Меѓутоа, овде говориме за еден добар сигнал  со усвојување на овој амандман, за еден добар сигнал кон стечајните работици дека имаме подготвеност и политичка волја да го решиме проблемот со изгласување на закон, било какво законско решение кое ќе доведе до решавање на овој проблем, а тој закон кој што е поднесен нека биде една основа. Инаку јас лично не сметам дека треба некого посебно да повикувам во смисла на гласање на овој амандман. Секој оној кој што има барем малку грижа на совеста во смисла на одговорност пред сопствените граѓани, значи сметам на совеста на пратениците, ќе треба и ќе го подржи овој амандман. Благодарам.

**Бесим Догани:** Има збор госпоѓа Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Почитувани присутни, почитуван господин претседател, колеги пратеници, господин министер,

Како пратеник во Изборна единица 3, како пратеник од Штип, град кој има најмногу стечајци, град каде пред 20-тина месеци ескалираше “бунтот” на стечајците, се јавив за дискусија, се јавив да го поддржам амандманот на НСДП.

Се надевав почитувани дека денеска ќе слушнеме од министерот, бидејќи амандманот е предложен од негов коалиционен партнер, дека Владата го прифаќа овој амандман и така нема да потрошиме драгоцено време од работата на овој парламент, дискутирајќи за овој амандман. Меѓутоа, напразно се радував. Слушнавме дека Владата повторно не го поддржува амандманот односно не ги есапи стечајците.

А, се сеќавате драги мои, што се случуваше пред 20 месеци, пред само 20 месеци во Република Македонија, кога СДС беше на власт, односно ја правеше Владата на Република Македонија. Токму вие, токму денешното владеачко мнозинство кокетиравте, контактиравте со стечајците. Ги инструиравте и ги организиравте да прават простести и немири. Каде сте сега, каде сте сега да контактирате со нив, барем да им се извините?

Би сакала да кажам и не се надевам, драги пратеници, почитувани пратеници од владеачкото мнозинство, дека ќе се смеете токму на овој проблем. Можеби на вас овде во овие фотелји ви е многу убаво, јас ги молам камерите, ако може почитуван господин потпретседателе, да покажат колку од пратениците на владеачкото мнозинство се присутни додека се дискутира за овој амандман? Дали може.

**Бесим Догани:** Да, да секако.

**Верица Филипова:** Да. Се гледа дека воопшто не побудува никаков интерес или пак е подобро да не се седи во салата додека ова се дискутира, затоа што сме им ветувале нешто друго, да не црвенееме пред очите на македонската јавност.

Подготвувајќи се за денешнава седница ги читав стенограмите од пролетта 2006 година, кога се дискутираше за стечајците во овој Парламент. Ги читав стенограмите на пратениците од ВМРО ДПМНЕ и пратениците од ВМРО Народна. Можат да се забележат многу долги дискусии од нивна страна. Неколку часови дискутираа, сите добро се сеќаваме. Во кои ги бранеа стечајците во кои ја напаѓаа тогашната Влада дека мора и треба да донесе закон за нив. А сега, денеска, што се случува?

Денеска сте некое ново ВМРО ДПМНЕ, кои заборавивте штос е случуваше тогаш. Денеска и овие месеци се изземате и од некогашната Влада на ВМРО ДПМНЕ, се изземате од Владата на Љубчо Георгиевски која беше на власт од 1998 до 2002 година, а всушност вие бевте министри во таа Влада. Меѓутоа, на него фрлате, тој бил лош, вие сте биле добри сега. Вие сте биле некои нови луѓе, вие сте биле некои нови пратеници кои немаат врска со тоа што се случувало тогаш.

Истата госпоѓа Силвана Бонева, која сега не ја гледам меѓу присутните, тогаш дискутирала и бранела дека треба да се поддржи законот за стечајците, контактирала со нив за време на иборите, според нивни кажувања, сега ја нема, барем еден збор оправдување да каже за нив.

Господинот од вториот ред ќе го именувам по втор пат денеска, некогашниот претседавач на Советот на општина Прилеп Оливер Деркоски, мислев дека и тој нешто ќе каже. Да каже зошто му еваулирало мислењето, зошто повеќе не мисли како што мислел пред само 20 месеци. Меѓутоа, одобро е да се молчи, затоа што се нема оправдување.

Во име на стечајните работници од Штип, што ги има преку 800, во име на сите стечајни работници од Македонија, кои ги има околу 5000, апелирам да се прифати овој амандман.

Впрочем и првата моја дискусија во овој парламент, во деновите, во тие два дена кога се гласаше и дававме поддршка на Владата на господинот Груевски беше воврска со стечајците. Уште тогаш кажав дека, без разлика што сум пратеник од опозицијата, ќе бидам многу среќна ако овој Парламент го изгласа законот за стечајците. Без разлика што сум пратеник од опозицијата, без разлика што ако се изгласа тој закон ќе поентира сегашното парламентарно мнозинство, ќе бидам многу радосна ако се вратам во Штип и пренесам дека во Парламентот на Република Македонија се даде поддршка и се изгласа закон со што ќе се обезбедат парични средства за овие лица.

Меѓутоа, веќе 4-ти пат, колку што ме држи сеќавањето, дискутираме за нив. Ги покажувавме и црните книги напишани од стечајците за нивните маки и страдања во овој период. Но се нема слух, се нема разбирање во сегшната Влада да се одделат, да се обезбедат средства за стечајците.

А, знаете ли колкави се тие средства? Ако се стечајците 5 илјади луѓе, околу, невработени, тие се согласуваат со 4-5 илјади месечен надомест. За 12 месеци тоа изнесува 500-600 илјади евра. Почитувани присутни 500-600 илјади евра, за разлика од 13 милиони евра што се даваат или ќе ги дадете денеска ли утре со гласањето на овој ребаланс на Буџетот за МЕПСО или за Електрани на Македонија, кои што средствата ќе ги искористат на само на нив познат начин. Бидејќи, бидејќи во електросекторот, во државните претпријатија во Македонија се работи максимално криминално. А ние, наместо да дадеме пари на категориите на грѓани на кои им се потребни, даваме пари на категории граѓани или претпријатија на кои воопшто не им се потребни дополнителни средства.

Всушност, дека се работи криминално покажува и фактот дека денеска не е во погон ниту РЕК Осломеј, дека РЕК Битола работи само со еден блок, дека ТЕ Неготино и Хидроелектраните македонски ја снабдуваат Македонија со електрична енергија. Да денеска се случува тоа. И дека прашање е дали вечерва Македонија нема

да има рестрикции на струја, дали вечерва во Македонија нема да има мрак.

А, за тоа, замислете, не е одговорен никој, за тоа не сноси одговорност никој, така морало да биде. Не. за разлика од другите сфери во електросекторот грешките веднаш излегуваат на виделина. Во другите сфери можете за црното да кажувате дека е бело, грешките ќе се видат подоцна, најчето на избори. Меѓутоа, во елекросекторот грешките преку хаварии веднаш излегуваат на дело. А ние, немаме пари за стечајците, не можеме да имаме слух и да обезбедиме средства за продолжување уште 3 години на стариот закон за пензионирање, а бараме средства, цели 13 милиони евра за консолидација, замислете, каква иронија, после последните случувања за консолидација во електросекторот.

Сакам од оваа говорница да го поздравам претседателот на стечајците Сојан Стојанов и да се сети што се случуваше пред 20 месеци и каде е тој сега? Каде е тој денеска, 6-7 месеци поминати во шатори пред Собранието? На кој начин реагираа пред 20 месеци, а како реагира денеска?

Сакам целата македонска јавност да се сети како некои упорно и упорно манипулира со неа. Благодарам.

А, можеме да се смееме и надвор кога ќе има некоја навистина смешна тема почитувана колешке Дулиќ, а овде да се смееме за оваа тема, навистина нема смисла. Благодарам.

(Пратеникот Благородна Дулиќ реагира на изречените зборови)

**Бесим Догани:** Ве молам.

Благодарам госпоѓо Филипова.

Реплика има Оливер Деркоски, повелете.

**Оливер Деркоски:** Благодарам потпретседателе.

Јас само на кратко би реплицирал на колешката Верица Филипова. И заблагодарувам за нејзината грижа за мојата политичка кариера и за моите принципи и политички ставови. Нека не се грижи. Хипотетички нека не претоставува како евалуираат моите ставови, затоа што не евалуираат. Такви се какви што биле во март 2006 година. Тоа ќе го докажам со гласањето по овој амандман. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Деркоски.

Контрареплика има госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Се надевам дека исто евалуирале ставовите и на останатите пратеници од ВМРО ДПМНЕ и дека ќе гласаат исто како што мислеа пред 20 месеци, истото што го изјави господинот Оливер Деркоски. Всушност, резултатите од гласањето ќе покажат дали сум во право или не.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓа Филипова.

Има збор господин Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер за финансии,

Најпрво сакам да ве прашам сите заедно нешто, како министер, како претставник на Владата, како претставници, пратеници од владеачкото мнозинство. Помеѓу другото, кој вас во 2006 година на изборите ве донесе на власт? Дали случајно не беа истите оние луѓе кои сега протеестираат половина година пред Собранието на Република Македонија? Со чии гласови господо министри, пратеници од ВМРО ДПМНЕ вие дојдовте на власт во 2006 година? Дали се тоа истите гласови на истите онеправдани луѓе кои денеска сеуште штрајкуваат пред Собранието на Република Македонија? На чија мака, господо од ВМРО ДПМНЕ, господине министре за финансии, на чија судбина правевте кампања со која победивте на ибори?

Како опозиција, дали се сеќавате господине министре што говоревте и во чие име се повикувавте за да ги добиете изборите? Дали после една година откако ги добивте изборите не сте способни да го решите проблемот на стечајците или немате политичка волја да го напрвите тоа? Едноставно, ги заборавивте и повеќе не сте заинтерсирани затоа што политичката цел си ја остваривте и дојдовте на власт.

Што им ветивте, почитувани колеги од мнозинството на стечајците во изборната кампања? Со што ви беа полни устите по партиските митинзи во 2006 година? Зошто не го остваривте ветеното, почитувани од ВМРО ДПМНЕ, односно зошто ги излажавте стечајците? Или, едноставно ги заборавивте, затоа што сега сте на власт, затоа што сега ви е убаво и затоа што сега не ви требаат.

Дали, господине Славески, почитувани колеги пратеници од ДПМНЕ секој ден кога доаѓате во Собранието и почитуваниот премиер Груевски, во нивните блиндирани возила со обезбедување, дали погледнувате преку Собранието, преку улицата, во паркот? Дали ве гризе совеста за тоа? Или, можеби се плашите да поразговарате со луѓето кои таму штрајкуваат и си ги бараат своите права, за кои што оваа држава не направи ништо и оваа власт.

Значи, наеднаш, после толку многу државни интереси за ВМРО ДПМНЕ и за оваа ВМРО-ска Влада ги истиснавте стечајците како интерес за оваа држава, дали после толку многу државни интереси, проекти, реформи што правите, инвестиции, не најдовте за сходно да ги третирате како, еве, не мора државен, меѓутоа како човечки интерес овие луѓе? Дали после толку ребаланси на Буџетот, зголемување на ствките на, на пример договорни услуги, толку многу непосредни спогодби, тендери итн., не најдовте пари да им помогнете на стечајците? Како можевте да најдете пари да ги обештетите кредитите или имотите на министрите Ташковиќ и Самак во

странство и тие да се поголем интерес во државата отколку луѓето кои штрајкуваат преку улица, пред Собранието? Како можевте да наоѓате пари во Буџетот за музеи, за не знам што друго, за восочни фигури, а стечајците да не ги третирате, да ги третирате пониско и од восочни фигури? Дали после толку саморекламирање и пари во Буџетот за саморекламирање за странски инвестиции, дали после толку остварувања во економијата, економски раст, силна економија, не најдовте пари за стечајците повторно?

Значи, тоа не е др жавен интерес за ВМРО ДПМНЕ, затоа што заборави со чии гласови дојде на власт.

Ако не сакате, има една народна поговорка, ако не сакате да дадете пари да им помогнете, значи ако не сакате да им дадете риба, научете ги самите да ја уловат. Со други зборови, она што го ветувавте: благосостојба, нови работни места, вработете ги сега тие стечајци па самите нека ја заработуваат својата плата, ако толку подобро се живее во Република Македонија. Зошто нема нови вработуваа? Зошто неколку илјади стечајци, зарем е проблем на оваа Влада со толкав рејтинг да им го реши проблемот за вработување?

Дали се сеќавате, кога вашиот координатор на пратеничката група, госпоѓата Силвана Бонева, како опозиционер и носител во Изборната единица број 4, што им говореше на стечајците?

(Дофрлање од место)

Јас лажам?!

Ќе излезете на говорница почитувана колешке и ќе кажете. Јас мислам, како политичар, како носител на листа, вие сте ги излажале тие граѓани, затоа што во јуни 2006 говоревте во вашата изборна единица, - првиот ден кога ќе дојдеме на власт ќе ви го донесеме законот. Дали е тоа точно? Дали е тоа точно?

Според информациите што ги имаме од вашите средби со претставниците на стечајците, вие сте ги излажале нив. Вие сте сега на власт. Еве, и да не сте го рекле тоа, зошто не го направите? Зошто не им помогнете?

Значи, почитувана колешке јас можам и да ви се извинам и за пред некоја седница, за она што го почувствувате како навреда, меѓутоа, не знам дали ќе ве извинат овие луѓе, овие стечајци, кои се почувствуваат од вас излажани. Еве, јас нема да го кажам дека сте излажале. Тие се почувствуваат од вас излажани. Јас не го измислувам ова.

Понатаму, замислете да беше обратно? Да ВМРО ДПМНЕ сега беше опозиција а случајно да беше СДСМ власт за овој проблем, конкретно за стечајците, што ќе беше?

Прво, министерот Трајко Славески секој ден во партискиот штаб на ВМРО ДПМНЕ, како пртседател на Комисијата за економски систем ќе држеше прес конференции како СДСМ е неспособен да ги реши проблемите на стечајците. Е па сега, зошто министерот, зошто министре не ги решите проблемите? Еве, полн ви е Буџетот.

(Гласно дофрлање од место, а претседавачот предупредува на ред со ѕвончето)

**Бесим Догани:** Ве молам, не дофрлајте од место.

**Борис Кондарко:** Не се мешајте, тоа треба вие госпоѓо Јагнул да си го расчистите со вашиот коалиционен партнер, не со СДСМ. Не се расправајте со мене.

(Дофрлање од место)

**Бесим Догани:** Ве молам колеги без дофрлување и без директно обраќање, ве молам.

**Борис Кондарко:** Тука ви е вашиот министер за жал.

(Дофрлувања)

**Бесим Догани:** Ве молам госпоѓо.

Понатаму, почитуваниот мој колега Влатко Ѓорчев веројатно и ќе спиеше во шаторите со нив пред Собранието. Сега СДСМ и е крив на оваа Влада? Нели сте многу способни, нели многу ве сакаат, нели имате многу пари? Зошто не го решите овој проблем, зошто на толку многу пари во Буџетот и за толку многу намени одвојувате, а за ова сега се плашите да се соочите со овој проблем. Велите дека ќе најдете друго системско решение, имавме и претходно ребаланс на Буџетот, имаше и претходно од опозицијата Предлог на закон како да се реши овој проблем. Еве, ако немате вие идеја како власт, зошто не ги прифатите во недостаток на ваши идеи и на подобри идеи од ваша страна, зошто толку одолговлекувате, предлозите на законот кои ги одбивте на опозицијата пред неколку месеци. Зошто еве амандмански не сакате да реагирате и да ги прифатите амандманите на опозицијата. Значи, бевте вие сега опозиција, веројатно и протести пред Собранието во име на стечајците ќе се повикувавте и ќе организиравте.

Ви нудиме, земете си ги политичките поени, земете си ја славата слободно пред граѓаните, пред стечајците со нови спотови дека сте им ги решиле проблемите. Меѓутоа прифатете го овој амандман. Нека бидат поените ваши. Нема тука суета. Вие, очигледно работите дневно политички, само што ви е исплатливо и што ви носи поени и реклами, само тоа го работите. А, не гледате реално да помогнете на граѓаните.

На крајот, ве молам, излезете од самобендисаноста. Најдете нешто, направете нешто конкретно позитивно од што некои граѓани конкретно ќе почувствуваат подобрување. Вака, во спротивно, се се сведува на ветувања, се се сведува на некои идни ситуации, нереални, неостварливи, дека во Македонија ќе биде вака или онака. Како што велеше премиерот кога беше прв опозиционер - еве сега чекајте, само што не ни тргнало.

Таква е ситуацијата сега со оваа Влада. Во Република Македонија, за жал, освен власта никој друг не живее подобро. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Кондарко.

Реплика има госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитуван колега Кондарко, очекувам од вас уште еднаш да ми се извините и да се извините на македонската јавност што зборувавте невистини. Изрековте еден куп невистини. Јас никогаш како носител на листа на ВМРО-ДПМНЕ во Четвртата изборна единица, никогаш не сум кажала на стечајците дека ние кога ќе дојдеме ќе донесеме закон и ќе им ги решиме проблемите на стечајците со закон на онаков начин каков што бараат. И вие многу добро знаете и сите ние кои што бевме во претходниот состав дека едно вакво законско решение се донесе за кое што Уставниот се изјасни дека не е уставно тоа решение.

Истото тоа им го кажав на стечајците уште пред да го донесеме законот, дека тоа што се прави во Собранието на Република Македонија е театар. Ме слушаат и господинот Стојан Стојанов и сите други стечајци со кои многу пати сум имал средба. Им кажав дека тоа не е решение што може да биде решение за нив и за сите други кои влегуваат во таа категорија, заради тоа што еднаш се покажа дека тоа решение не е уставно решение.

И, за да излеземе од една ваква ситуација во текот на изборната кампања нудевме една програма што нуди нови работни места, што нуди економски раст, што ќе успее да ги апсорбира и овие луѓе, ќе им понуди и многу други социјални пакети и врз основа на тој начин да може да биде решен проблемот на стечајните работници.

Уште еднаш ве молам да престанете со ваши произволни квалификации, со искажување од говорницата на невистини. Ниту сега, ниту кога бев опозиција, можете слободно да ги земете стенограмите, никогаш немам кажано, а сведоце сте, самите стечајни работници, сите други кои присуствуваа од другите политички партии, кога постојано им велев дека ваквиот театар во Собранието на Република Македонија е неприфатлив бидејќи ништо нема да се изроди како решение од него. Џабе ќе биде сето тоа кога ќе им падне на Уставен суд, бидејќи не промовира еднаквост на сите граѓани кои се невработени и кои влегуваат во таа категорија на лица кои не се вработени. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бонева.

Една минута контра реплика има пратеникот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Почитувана колешке, вака ќе ви повторам.

Прво, нема тука не сме на суд да се докажуваме со стенограми, со сведоци, сте рекле, не сте рекле. Јас ви повторувам уште еднаш, можам да ви се извинам и ќе ви се извинам за еден збор пред некоја седница што го сфативте од моја страна навредливо. Еве, тоа јавно ви го кажувам.

Меѓутоа, вие можете да мислите вака или онака. Јас ви кажувам, еве, јас не велам дека сте ги излажале. За жал, не е битно што вие мислите. Битно е каква е нивната перцепција за вас. Тие се чувствуваат измамени од вас. Јас можам сега да ви кажам со кого сте зборувале во кампањата. Сето тоа политички е легитимно.

Меѓутоа, зошто не го остварите, тоа е проблемот.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Кондарко.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Иако од мојот град од каде што доаѓам како пратеник нема голема бројка на стечајни работници, поголема е бројката во градот што е во мојата изборна единици Прилеп, зедов збор по овој амандман да дадам поддршка и тоа огромна поддршка на овој амандман поднесен од пратеничката група на НСДП. И, да го исполнам ветувањето на еден мој поранешен комшија, сограѓанин од Прилеп кој повеќе од 7 месеци тука протестира во Жена парк, кој пред 2-3 дена ме пресретна, доаѓајќи кон Собранието и ме замоли.

Ве молам пратенички, ве молам комшике, помогнете, направете нешто, договорете се да се реши нашиот проблем. Седум месеци седиме во овој парк, седум месеци ни се даваат лажни надежи, седум месеци не знаеме што да правиме со нашите судбини а животот тече. Нашите семејства потребно е да живеат, затоа што и јас и мојата брачна другарка сме стечајни работници. Затоа што моите деца треба да се школуваат, затоа што моите деца сега треба задолжително да се школуваат не само во основното образование, туку сега треба задолжително да се школуваат во средното образование. А, ниту јас, ниту нивната мајка немаат никакви средства за егзистенција, а камо ли за обврската што ни беше создадено со Законот за задолжително средно образование.

И еве, пред него, сигурно ме гледа, ја исполнувам обврската. Давам поддршка и ветувам дека од името на СДС ќе биде поддржан овој амандман. Но, што фајде? На мојот комшија нема да му биде решен животниот проблем.

Мојот комшија е граѓанин на нашата држава. Ако зборуваме за уставност и законитост на овде низа акти што ги донесуваме, треба да зборуваме и за еднаквоста на граѓаните. И за создавањето на еднаквите можности и за создавањето на еднаквите услови за живот што мојот комшија и останатите таму кои седат седум месеци во Жена парк, верувајте ги немаат.

Најтешко е, најболно е, кога човек постојано се држи во надеж. Седум месеци ги држиме овие луѓе во постојана надеж. Верувајте, надежта последна умира, но ќе има испорачана сметка.

Бројот што моментално е во Жена парк, можеби не е голем. Но верувајте шест илјади луѓе, стечајни работници, помножено со четиричлено просечно семејство, тоа е популација од 24 илјади луѓе над која што оваа држава сериозно треба да се замисли и да го реши проблемот.

Зошто денеска јас зедов збор? Денеска зедов збор затоа што веќе ни е јасно, одбивајќи го

амандманот министерот за финансии, јасно ми е дека Владата нема намера да го решава овој проблем.

Но, едно нешто не ми е јасно. Не ми е јасно како понатаму ќе функционира коалицијата помеѓу НСДП, ДОМ и ВМРО-ДПМНЕ, ако и едната и другата партија што сега се во владеачкото мнозинство, основно, клужно ветување на стечајните работници беше дека ќе се реши нивниот статус. И тогаш, неприфаќањето на амандманот од страна на минситерот за финансии, амандман поднесен од цела пратеничка група што е во власта, значи дека или воопшто оваа пратеничка група не се става на ум во Владата или пак дава лажни надежи на луѓето кои седат надвор.

Почитувани колеги,

Навистина немаме избори сега па за да зборувам со тешко срце со овој проблем. Навистина е жалосно над судбината на овие луѓе да се стекнуваат политички поени. Но, сериозно сум загрижена ако во ребалансот за Буџетот во 2007 година нема предвидено средства, ако министерот за финансии одбива да се предвидат средства за решавање на проблемот, тоа е сериозен сигнал дека стечајните работници на овој начин како што штрајкуваат, не можат да си го остварат своето право или своето барање. Тогаш на кој начин тие шест илјади луѓе, шест илјади стечајни работници и нивни членови на потесното семејство, на кој начин треба да го изразат своето барање? Јас навистина не знам.

Ако за време на продажбата на ЕСМ 20 луѓе претставуваа закана за јавниот ред и мир на нашиот ред и мир, се прашувам тогаш, добивајќи го овој сигнал стечајните работници, што ќе стане или на каков начин треба да го изразат својот револт шесте илјади стечајни работници?

(Реакции од министерот)

Не повикувам господине министер, јас само барам начин на кој може ...

(Дофрлање)

Ако е кривично дело, вие сте научени, поднесете кривична пријава па ќе издржам и јас. Но, не можете да ме гоните за кривично дело за говор на наша радост, оти инаку ќе имавме и низа кривични пријави за ова. И прекинете, ви се молам, од позиција на министер да се заканувате. Во мојот говор јас можам да изнесам се што мислам за да ги бранам интересите на моите гласачи, да ги одбранам интересите на мојот електорат. Затоа ве повикувам господине министер, наместо да се заканувате, дајте да седнеме и да го решиме проблемот на овие луѓе кои навистина се без средства за егзистенција. Особено треба да се замислите вие кој сте биле носител на Изборна единица 2 каде што претежен број на стечајните работници се таму и секако, носителот на листа на Изборна единица 3 каде што поголем број на стечајните работници се во овие изборни единици. И, наместо закана очекувам навистина да се почне да се размислува со ладни глави. Ако скратевте барем дел од оние кампањи за промовирање на се и сешто од средствата и за купувањето на барем по пет по два листа во секојдневен весник, мислам дека полека, полека, заедно ќе го решевме проблемот на сите овие стечајни работници и еве добијте ги вие политичките поени, од нас ќе имате само поддршка.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Иванова.

Госпоѓа Лилјана Поповска има реплика, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван господин министре, почитувани колеги пратеници,

Да и олеснам на колешката Цветанка Иванова, бидејќи ја спомна ДОМ како партија која се залагаше за решавање на проблемот на стечајните и технолошките вишоци, јас и овој пат ќе гласам за еден ваков амандман, затоа што во континуитет гласам и поддржувам предлози слични на овој, веќе пет години.

Само една работа ми е жал што многу години по ред заложбите се исти, мои и на многу луѓе низ Македонија, меѓутоа за овие луѓе прашањето сеуште не е решено. Ќе бев многу среќна доколку во изминатите години моите колеги говореа на овој начин како што говорат сега. Ги поздравувам што говорат вака и што сега имаат разбирање за луѓето кои се наоѓаат во тешка состојба.

Само не би сакала да манипулираме со луѓето од една гледна точка. Денеска знаеме дека овој амандман нема да може да се изгласа, затоа што проекциите на Буџетот се направени и вакви поголеми зафаќања од Буџетот, какви што се предлагаат со овој амандман не би биле возможно да се направат ад хок.

Од друга страна, знаеме дека Владата најави обемен социјален пакет со измени во повеќе закони, со повеќе одлуки на Влада со кои се помага на повеќе категории социјално загрозени граѓани. Мислам дека тоа е добро, затоа што за прв пат во Македонија се третираат лица како што се самохрани мајки и родители, лица кои немаат решено станбено прашање, социјално загрозени лица, со посебни мерки за стимулирање на мали бизниси итн, итн. Тоа се работи што јас секогаш сум ги поддржувала, сум се залагала за нив, па затоа ги поддржувам и сега кога ги прави оваа Влада. Тоа е една од причините за мојата поддршка на оваа Влада.

На крајот, она што е решение за стечајните и за технолошките вишоци, сепак ќе се најде шанса, а тоа го дава во измената во Законот за Кривична постапка, во Кривичниот законик со воведување на конфискацијата. Ова го предлагам уште одамна од мое име и од името на ДОМ, дека конфискацијата на средствата на оние фабрики кои пропаднале поради злоупотреба на општествен имот е шанса да можат да се дадат средства на стечајците и на технолошките вишоци.

Да се надеваме дека ќе може да се направи еден целосен концепт каде што тие средства, дел од средствата за конфискација ќе можат да бидат

насочени за стечајците и за технолошките вишоци. Ова е едно обемно прашање што бара сеопфатен пристап. И во оваа фаза треба да го поддржиме овој амандман за да покажеме интерес за ова прашање и да го одржиме живо. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Поповска.

Контра реплика има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе.

Јас го почитувам мислењето на колешката Лилјана Поповска што ќе гласа за овој амандман. Но уште повеќе ќе ја почитував, ако се обидеше како коалиционен партнер да ја убеди Владата во нејзиното мислење, па и Владата да го прифатеше овој амандман.

Околу социјалните пакети вистинска фарса. Македонија е ваш родител. Значи, вработување на 400 деца без родители. Пред неколку дена имаше конкурс за вработување во Владата, каде што и децата без родители беа одбивани со едно просто образложение немате работна книшка, за сето ова да се претвори во фарса, бидејќи јасно ми е дека ова се само партиски вработувања. Никакви деца без родители, никакви деца на самохрани мајки. Имам потврда за вакво однесување на Владата. Значи, сето ова е фарса. И околу овие конфискации, оваа е нова теза за нов комунизам, не е социјализам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Иванова.

Има збор госпоѓа Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам потпретседателе, почитуван министер, почитувани пратеници,

Очекував токму по оваа точка, по овој амандман, кога се работи за категорија на луѓе, стечајни работници, дека салата ќе биде навистина полна со пратеници и дека сите заеднички ќе дадеме свој придонес како и на кој начин да го решиме статусот на оваа категорија луѓе. Но, за жал, да се погледнеме и да се преброиме колку сме во оваа сала. Нека знае целата македонска јавност дека токму оваа Валда, мнозинството немаат воопшто слух за оваа категорија луѓе-стечајци, работници.

Амандманот беше одбиен од министерот.

Јас, да бидам искрена, пред една недела имав средба со стечајните работници во Крива Паланка, цела околина на Крива Паланка. Ги има многу. Речиси секоја втора куќа се стечајци. Нависитна ви кажувам грозна слика. Не можеме да гледаме. Се затвораат домови, семејства каде немаат ниту скршена пара во својата куќа. И, должна сум, прво како човек овде да го пренесам нивниот став, а веројатно тие ќе слушаат, да го пренесам нивното барање и тоа молбено барање упатија, да најдеме едно заедничко решение, сите ние, да смогнеме сили, да најдеме заеднички став и да им го решиме нивниот статус, да живеат еден достоинствен човечки живот како што прилега да се живее во 21 век во оваа наша мала Македонија.

Кога застанав со нив, верувајте ми само слушам, велат - останав без работа, бедно живеам, ни ветија се во предизборната кампања, гласавме за нив, но што дека гласавме, 7 месеци ги гледате овде во Жена Парк. Никако не живееме. Ова е голгота, ова е талкање по гол живот. Велат - не не прашувајте. Не не прашувајте, ова е хаос. Дел од нашите членови на семејствата талкаат од аптека до аптека да ни бараат лекови. Ние сме овде и направивме населба наспроти Собранието. А вие, немате ни слух да ни го решите нашето прашање. Тоа ми го одговорија.

Ме прашаа - вас ви е добро таму. Ние ги дадовме гласовите за партијата што ја доби власта во свои раце. Но, дали сега прашуваат како живеат нашите деца? Дали заслужуваат тие да одат на одмор, да одат на училиште? Дали можете да замислите дека ученици со пресек 5,00, моето дете остан анезапишано на факултет? Моето дете не е сместено во Студенски дом, зато ашто нема книшка. И, многу работи слушнав од нив, затоа што тие, едноставно живеат на улица.

Јас, ги сослушав. Немав зборови затоа што ние не собиравме поени, ние не можевме да им го решиме. Тие останаа жртва на транзицијата. Младоста ја дадоа на своите работни места.

(Претседавачот предупредува на ред со ѕвончето).

Не ми пречи гужвата, воопшто не, не ги опоменувајте. Важно е граѓанството нека слуша.

Младоста ја оставија на своите работни места. Поминаа на работа, а сега кога веќе работодавачите не може да ги примат, неспособни се веќе, во прашање се години, на работа, тие живеат на работ на бедотијата. Едвај егзистираат.

Тие се немоќни. Затоа, да не си играме со нивната судбина, бидјеки тие си ги бараат, едноставно, своите права. Затоа и можам да речам дека амандманот што е поднесен од пратениците од НСДП кои во предизборната кампања и премногу им ветија, а добро е што поднесоа ваков амандман, добро што поднесоа, кои и до сега ги подржуваа, нека смогнат сили да ги убедат во мнозинството, делот на своите колаициони партнери да застанат зад овие стечајни работници. Во живото не се знае што животот носи и кој каде ќе се најде и кој од кого ќе побара помош, затоа што на секој човек може да му се случи да дојде вака, да талка за парче леб, да талка за егзистенција на своите децеа.

Овде нема, јас како човек и партијата моја не собираме политички поени. Тоа требаше во предизборната кампања. Ова го зборувам како човек, затоа што јас честопати ќе навратам овде во Паркот на Жената затоа што немам ниту хипотека на својот грб ниту имам некое ветување пред тоа. Но, јас би ве прашала господо пратеници од мнозинството дали понекогаш ги посетувате стечајците овде, гарши нас, на паузите, додека шетаме по дуќаните, талкаме по

чевли, по облека и било што, бидејки не нема во салата?! И, би го прашала младинот колега Влатко Ѓорчев кој е активист за Крива Паланка, дали само доаѓа за отворање на флотацијата и рудникот Тораница во Крива Паланка да се слика? Нека дојде и нека се сретне со стечајците. Тие го чекаат. Но, мислам дека нема да одделат ни минута да разговараат со него. Тој нема слух да се сретне со стечајните работници. Но, за гозби и трпези, за отворање и сликање, нема што, тука е прва лига.

Нека ги посетат овде, во Паркот, да видите овде како живеат. И тогаш веројатно ќе се смилуваат и овој амандман што јас искрено го подржувам...

(Џагор во салата)

... и искрено го поддржувам исцело, да се обезбедат средства за исплата и надомест за невработените лица кои работеле во фирми или во фирми со државен капитал кои паднале под стечај или биле ликвидирани во период од 1.01.2000 година до 31.12.2004 година. Примале паричен надоместок од Агенцијата за вработување, а сега истиот им е укинат. Уште еднаш не треба да се молиме, туку заеднички да ги усогласиме ставовите, и да надмине се. Да надминеме се, да го поддржиме амандманот затоа што тој е издржлив, а господинот министер бидејќи во негови раце се средствата, финансиите да изнајде начини да ја ублажиме и да го разрешиме овој проблем. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Цветковска.

Има збор господинот Иван Анастасовски, повелете.

**Иван Анастасовски:** Почитуван потпретседателе, колеги пратеници,

Бидејки јас подоцна се приклучив на амандманот што го предложи колегата Благој Зашов ќе се обидам во овие 3 минути, колку останаа до крајот на работното време да ги кажам всушност мотивите зошто тоа го направив, бидејки во нашата пратеничка група господинот Благој Зашов цело време работеше и на проектот, законскиот проект што е овде доста експлоатиран во денешната дебата како точка 24 на една од седниците. Забележав дека студиозно работел и на овој амандман.

Верувајки му на колегата Благој Зашов, се решив заедно со колегата Горан Мисоски да се приклучиме на овој амандмна, се со цел да дадеме еден посилен импулс и надевајки се, значи надевајки се дека министерот пред се ќе го прифати, бидејки претходно немавме никакви информации, министерот претходно ќе го прифати и сега сакам во ова време што ми остана само да сугерирам. Неблагодарно е да се обраќам и на македонската јавност или не знам на кого да се обраќам, на колегите пратеници, кои ќе го имаат последниот збор овде во Собранието.

Евентуално промена на ставот на господинот министер ќе значи шанса за овој амандман. Поинаку не гледам. Колку и да се обраќам на македонската јавнсот, таа нема да гласа. Ние сме овде тие кои треба да му пресудиме на овој амандман.

Затоа, ајде да оставиме време и утре, бидејки според она што го гледам на дисплејот дека и утре ќе има дебата по однос на овој амандман, дека нешто ќе може да се промени.

Почитуван министре ова го сваќам како една добра шанса, како добар почеток полека да се решава прашањето на овие луѓе, бидејки долго време, а овде слушнавме и од сите колеги, дебатираме за овие луѓе што се всушност пред Собранието на Република Македонија.

Затоа, не сакам повеќе да должам. Имав средби одделно и со господинот Стојан Стојанов кого го поздртавуваа овде и со Здружението “Унит” кое редовно праќа дописи до нас пратениците од Куманово и единствено ова и тоа наредно законско решение, гледам некоја шанса да се реши овој проблем.

Да бидам искрен, понатмау, и јас лично, можеби ќе се повлечам од идеата да нешто преземам како пратеник во насока на тоа, бидејки слушав и од колегата, тоа ми се бендиса од колегата Киров Ацо дека можеби во оваа сала нема да се реши тој проблем. Можеби би било добро да се реши надвор од оваа сала, некој да го реши на друго ниво, а ние овде само, ако можеме со нашето гласање за да пресудиме.

Така што би замолил само, до утре, ако нешто успее да се промени ствот на ресорното Министерство, на ресорниот министер по однос на овој амандман да добие шанса овој амандман или пак самите колеги пратеници да гласат за овој амандман.

Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Анастасовски.

Со оглед на тоа што истече работното време, почитувани дами и господо пратеници, тука ја прекинувам денешната седница.

Со денешнава 71-ва седница продолжуваме утре во 10,30 часот.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,30 часот)